# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

23 мај 2023 | Излегува по потреба | Година XVIII | број 8



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА КОНСТАТИРАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Заклучокот за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 22 мај 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4361/1**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 46 став (1) алинеја 1 и став 2 алинеја (1), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и шесттата седница одржана на 22 мај 2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА КОНСТАТИРАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Советот на Општина Гази Баба констатира престанок на мандат на член на советот - **ОРДЕ МАНЕВСКИ**, избран на Локалните избори 2021 година од утврдената листа на кандидати за избор на членови во Советот на Општина Гази Баба - ''Политичка партија Левица'' бр.11-70/1 од 10.09.2021 година, поради поднесена оставка од лични причини, бр.09-2789/1 од 13.04.2023 година.

2. Ден на престанок на мандатот на членот на советот е 22.05.2023 година.

3. Заклучокот да се достави до Општинска изборна комисија Гази Баба и секторот за финансиски прашања.

4.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-4194/3**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА ПРВОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2023 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2023 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 22 мај 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4361/2**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 5 став (3) од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2023 година, бр.02-83/3 од 13.04.2023 година, донесена од управниот одбор на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и шесттата седница одржана на 22 мај 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ, ЗА ПРВОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2023 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007'' - Скопје, за првото тримесечје од 2023 година, бр.02-83/3 од 13.04.2023 година, донесена од управниот одбор на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-4194/4**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА<br>ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА<br>ЗА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ НА<br>ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА<br>- ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за поддршка на проектни активности на Црвен крст на Република Македонија - општинска организација Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 22 мај 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4361/3**<br>**од 22 мај 2023 година**<br>**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**<br>**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**<br>**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по барањето на Црвен крст на Република Македонија - општинска организација Гази Баба, бр.18-2706/1 од 10.04.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и шесттата седница одржана на 22 мај 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба одобрува финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, за поддршка на проектни активности на Црвен крст на Република Македонија - општинска организација Гази Баба, врз основа на барање бр.18-2706/1 од 10.04.2023 година.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се одобруваат финансиски средства во износ од 90.000,00 денари, кои ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, Програма - ЕО - општинска администрација, ставка 463 - трансфери до здруженија на граѓани и фондации.

**Член 3**

Одобрените финансиските средства од членот 2 од оваа одлука се наменски и исклучиво за поддршка на следните проектни активности на Црвен крст на Република Македонија - општинска организација Гази Баба:

- Показни вежби за заштита и спасување од елементарни непогоди (земјотреси и пожари), општински натпревар по прва помош, топлотен бран, ''Здрави деца за посветла иднина'', прва помош за деца во градинките, мобилизирање на млади крводарители и афирмација на крводарителството и превенција од ХИВ/Сида и СПИН.

**Член 4**

Одобрените финансиски средства од членот 2 од оваа одлука да се уплатат на жиро сметка на Црвен крст на Република Македонија - општинска организација Гази Баба: 30000000120-93-35, депонент на Комерцијална Банка АД Скопје.

**Член 5**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ја спроведе оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-4194/5**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД**
**"АУТОМАКЕДОНИЈА" АД СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање на донација од "Аутомакедонија" АД Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 22 мај 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4361/4**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (''Службен весник на РМ'' бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и шесттата седница одржана на 22 мај 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ''АУТОМАКЕДОНИЈА'' АД СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба во својство на примател на донација прима донација од "Аутомакедонија'' АД Скопје, во својство на давател на донација.

**Член 2**

Донацијата во вид на услуга се состои од проект за изградба на фасадни работи на дел од објектот ООУ ''Стив Наумов'' - Општина Гази Баба - Скопје кои опфаќаат: Комплетна изведба на надворешна ''Демит'' фасада според извршениот премер на фасадерските и лимарските работи од лице место на објектот.

Потребни средства за реализација на овој проект (донација) се со вкупен износ од 730.000,00 денари (11.800,00 ЕУР), без вклучен ДДВ.

**Член 3**

Давателот на донацијата ќе отпочне со реализацијата на донацијата од членот 2 од оваа одлука по завршување на учебната 2022/2023 година.

**Член 4**

За реализација на оваа одлука се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со давателот на донацијата, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 5**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и општинската администрација.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-4194/6**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претставник од министерство за труд и социјална политика, во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 22 мај 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4361/5**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (18) од Законот за заштита на децата (''Службен весник на РМ'' бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по предлогот на министерот за труд и социјална политика за член во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.08-2846/1 од 19.04.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и шесттата седница одржана на 22 мај 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ ''ДЕТСКА РАДОСТ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Во Одлуката за именување на претставник од министерство за труд и социјална политика, во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје (''Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.3/22), во член 1 зборовите "РОБЕРТ МИТРЕВСКИ" се заменуваат со зборовите **''ВЛАДИМИР СИМОНОВСКИ''**.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-4194/7**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА (ЛЕАП) НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОД 2020 - 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за формирање на координативно тело за следење на имплементација на Локален Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 22 мај 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-4361/6**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 2, член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 60 став (5) од Законот за животната средина (''Службен весник на РМ'' бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.171/22), Одлуката за донесување на Локален Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2026 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.8/21) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и шесттата седница одржана на 22 мај 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА (ЛЕАП) НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОД 2020 - 2026 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа одлука се формира координативно тело за следење на имплементација на Локален Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2026 година.

**Член 2**

За членови на координативното тело се определуваат:

- Градоначалник на Општина Гази Баба;
- 1 (еден) претставник од сектор за заштита на животната средина и природата;
- 1 (еден) претставник од сектор за ЛЕР и европски интеграции;
- 1 (еден) претставник од сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај;
- 1 (еден) претставник од сектор за урбанизам и градежно земјиште;
- 1 (еден) претставник од сектор за инспекциски работи - инспекторат;
- 1 (еден) претставник од ЈКП "Гази Баба - 2007'' - Скопје.

**Член 3**

Со координативното тело раководи Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Координативното тело ја следи имплементацијата и предлага промени на Локалниот Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2026 година, а за тоа еднаш годишно го известува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-4194/8**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - МАРТ 2023 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2023 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 22 мај 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4361/7**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 32 став (2) и став (4) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 36 став (1) точка 7 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2023 година, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и шесттата седница одржана на 22 мај 2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - МАРТ 2023 ГОДИНА**

1. Се усвојува извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2023 година.

2. Градоначалникот на Општина Гази Баба во рок од 5 (пет) од денот на усвојувањето на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2023 година ја известува јавноста со објавување на содржината на извештајот на веб страницата на општината, во согласност со закон.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-4194/9**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

# 1. Вовед

## 1.1 Основни податоци за Општината

**-Општина Гази Баба** е формирана на 3 ноември 1976 година.

**-Број на жители**

Во Општина Гази Баба живеат 69.626 жители од кои според етничката припадност 64,98 % се Македонци; 20,32 % се Албанци; 0,67% се Турци; 2,76 % се Роми, 0,27 % се Власи, 1,91 % се Срби и 1,08 % се Бошњаци.

**-Просечна возраст**

Просечна возраст на населението во Општина Гази Баба е 35,4 години, до 20 години 27,4%, до 40 години 58,6%, 60 години и повеќе 14,4%.

**-Површина и населени места**

Општина Гази Баба зафаќа површина од 92 км2 од која голем дел припаѓа на руралниот дел со 59,8 км2 обработливо земјиште. Населени места во општината се: Автокоманда, Железара, Ќерамидница, Хиподром, Маџари 1, Маџари 2, Триангла, Вардариште, Крсте Мисирков, Јане Сандански, Тубарево, Гоце Делчев, Питу Гули, Јурумлери, Колонија Идризово, Инџиково, Стајковци, Алија Авдовиќ, Страчинци, Црешево, Смилъковци, Виниче, Булачани, Раштак и Брњарци кои се организирани во 25 месни заедници, 10 во урбаниот дел и 15 во руралниот дел на општината .

**Скопје - Општина Гази Баба**



## I – ПРИХОДИ

Вкупните приходи во Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари-март 2023 година, се остварени во вкупен износ од **271.356.349,00** денари или **18,33%** во однос на вкупно планираните приходи во Буџетот за 2023 година, кои се во износ од **1.480.000.000,00** денари.

Планираните приходи во Буџетот за 2023 година, остварените приходи за периодот јануари-март 2023 година, споредени со реализираните приходи за периодот јануари-март 2022 година, групирани по оделни видови на приходи изнесуваат:

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2023 година | I - Кватрал 2022 година | I - Кватрал 2023 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 6 | 6 | 7 | 8 |
| | 71 | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 503.164.000 | 114.089.676 | 85.044.451 | 16,90% | 74,54% |
| | 72 | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 6.300.000 | 883.396 | 12.786.285 | 202,96% | 1447,40% |
| | 73 | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 72.100.000 | 37.462.006 | 1.398.093 | 1,94% | 3,73% |
| | 74 | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 221.602.000 | 7.875.253 | 26.162.166 | 11,81% | 332,21% |
| 1 | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ | 803.166.000 | 160.310.331 | 125.390.995 | 15,61% | 78,22% |
| 2 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ | 566.814.000 | 113.310.751 | 136.243.999 | 24,04% | 120,24% |
| 3 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ | 56.950.000 | 7.506.467 | 3.063.826 | 5,38% | 40,82% |
| 4 | | ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | 53.070.000 | 5.456.814 | 6.657.529 | 12,54% | 122,00% |
| 5 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД КРЕДИТИ | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | 1.480.000.000 | 286.584.363 | 271.356.349 | 18,33% | 94,69% |

**Приходите на Основниот буџет** се остварени во износ од **125.390.995,00** денари, или **15,61%** во однос на планираните приходи во Буџетот за 2023 година, кои изнесуваат **803.166.000,00** денари.

Кај **Приходи од донации** во првиот квартал од 2023 година, имаме остварување од **3.063.826,00** денари, односно 5.38% односно во однос на планираните приходи во Буџетот за 2023 година, кои изнесуваат **56.950.000,00 денари.**

**Приходите од блок дотациите,** од кои се финансираат активностите на основните училишта и детските градинки на територија на Општината, се остварени во износ од **136.243.999,00** денари, или **24,04%** во однос на планираните во Буџетот за 2023 година, кои изнесуваат **566.814.000,00** денари.

**Приходите од самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки се остварени во износ од **6.657.529,00** денари кои изнесуваат **53.070.000,00** денари.

Графичкиот приказ на остварените приходи на Општината за периодот јануари-март 2023 година и на нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за 2022 година класифицирани по одделни видови на приходи може да се види од следното :




Извор: Општина Гази Баба

Аналитичкиот приказ на остварувањето на оделните видови на приходи на буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари-март 2023 година, година по ставки и подставки, како и нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за 2023 година и со остварените приходи за истиот период во 2022 година, е даден во следниот табеларен преглед :

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2023 година | I - Кватрал 2022 година | I - Кватрал 2023 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 6 | 6 | 7 | 8 |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА** | **1.480.000.000** | **286.584.363** | **271.356.349** | **18,33%** | **94,69%** |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ** | **803.166.000** | **160.310.331** | **125.390.995** | **15,61%** | **78,22%** |
| | **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **503.164.000** | **114.089.676** | **85.044.451** | **16,90%** | **74,54%** |
| 1 | **711** | **Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | **28.210.000** | **5.147.157** | **9.538.249** | **33,81%** | **185,31%** |
| | 711111 | Данок на плати на вработени лица корисници на средства од Буџетот на РМ и на ЕЛС. | 5.000.000 | 1.096.076 | 1.958.954 | **39,18%** | **178,72%** |
| | 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва и јавни претпријатија | 20.000.000 | 3.556.557 | 7.181.478 | **35,91%** | **201,92%** |
| | 711114 | Данок на плати остварени во странство | 200.000 | 52.200 | 83.031 | **41,52%** | **159,06%** |
| | 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 2.000.000 | 381.183 | 241.095 | **12,05%** | **63,25%** |
| | 711139 | Данок на доход на приходи ид занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход | 1.000.000 | 61.141 | 73.691 | **7,37%** | **120,53%** |
| | 711140 | Камата за ненавремено плаќање на персонален данок на доход од занаетчиска дејност | 10.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| 2 | **713** | **Даноци на имот** | **171.000.000** | **44.850.052** | **28.437.992** | **16,63%** | **63,41%** |
| | 713111 | Данок на имот | 25.000.000 | 5.379.116 | 5.864.390 | **23,46%** | **109,02%** |
| | 713112 | Повисока стапка на данок на имот | 30.000.000 | 3.019.339 | 4.270.023 | **14,23%** | **141,42%** |
| | 713113 | Данок на имот од правни лица | 30.000.000 | 4.913.369 | 6.107.813 | **20,36%** | **124,31%** |
| | 713211 | Данок на наследство и подарок | 10.000.000 | 1.457.253 | 1.728.646 | **17,29%** | **118,62%** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 713311 | Данок на промет на недвижности | 50.000.000 | 20.013.399 | 6.541.696 | **13,08%** | **32,69%** |
| | 713312 | Данок на промет на недвижности по повисока стапка | 25.000.000 | 9.973.682 | 3.258.872 | **13,04%** | **32,67%** |
| | 713512 | Камата за ненавремено плаќање на данок на имот | 1.000.000 | 93.894 | 666.552 | **66,66%** | **709,90%** |
| **3** | **717** | **Даноци на специфични услуги** | **303.854.000** | **64.088.716** | **47.067.193** | **15,49%** | **73,44%** |
| | 717112 | Комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 10.000.000 | 1.212.830 | 3.660.711 | **36,61%** | **301,83%** |
| | 717115 | Комунална такса за користење на улици со возила што се плаќа при регистарција на возилата | 5.000.000 | 627.284 | 856.335 | **17,13%** | **136,51%** |
| | 717116 | Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување | 45.000.000 | 11.436.468 | 12.674.328 | **28,17%** | **110,82%** |
| | 717129 | Други комунални такси (витрини, музика и сл.) | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 717131 | Комунална такса за користење на просторот пред деовни простории за вршење на дејност | 500.000 | 114.008 | 11.443 | **2,29%** | **10,04%** |
| | 717132 | Комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 717137 | Надомест за уредување на градежно земјиште | 243.354.000 | 50.698.126 | 29.864.376 | **12,27%** | **58,91%** |
| | 717140 | Камата за ненавремено плаќање | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| **4** | **718** | **Такси за користење или дозволи за вршење на дејност** | **100.000** | **3.751** | **1.017** | **1,02%** | **27,11%** |
| | 718134 | Надомест за управување со отпад на општината, односно Град Скопје | 50.000 | 3.751 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 718147 | Надомест за вадење песок | 50.000 | 0 | 1.017 | **2,03%** | **0,00%** |
| | **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **6.300.000** | **883.396** | **12.786.285** | **202,96%** | **1447,40%** |
| **5** | **722** | **Глоби, судски и административни такси** | **2.200.000** | **492.065** | **455.173** | **20,69%** | **92,50%** |
| | 722129 | други парични казни | 100.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 722315 | Административни такси кои се плаќаат за списите и дејствијата | 2.000.000 | 492.065 | 454.873 | **22,74%** | **92,44%** |
| | 722316 | Други локални такси | 100.000 | 0 | 300 | **0,30%** | **0,00%** |
| **6** | **723** | **Такси и надоместоци** | **100.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 723911 | Закупнина од објекти | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 723914 | Приходи од закупнина на општествен имот | 100.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| **7** | **724** | **Други владини услуги** | **0** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 724112 | Надомест за изработка на просторни и урбанистички планови | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 724125 | Приходи од тендери (јавни набавки) | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| **8** | **725** | **Други неданочни приходи** | **4.000.000** | **391.331** | **12.331.112** | **308,28%** | **3151,07%** |
| | 725929 | Надомест од сопственици на моторни и запрежни возила | 0 | 0 | 373 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 725939 | Останати неданочни приходи | 2.000.000 | 383.512 | 12.330.739 | **616,54%** | **3215,22%** |
| | 725982 | Договорни казни за непочитување | 2.000.000 | 7.819 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **72.100.000** | **37.462.006** | **1.398.093** | **1,94%** | **3,73%** |
| **9** | **733** | **Продажба на земјиште и нематеријални вложувања** | **72.100.000** | **37.462.006** | **1.398.093** | **1,94%** | **3,73%** |
| | 733111 | Приходи од продажба на недвижности на Р.М. | 50.000.000 | 33.017.473 | 773.063 | **1,55%** | **2,34%** |
| | 733115 | Приходи од закуп на земјодел. Земјиште во сопственост на државата | 2.000.000 | 74.655 | 52.628 | **2,63%** | **70,49%** |
| | 733119 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на простор) | 100.000 | 53.341 | 56.077 | **56,08%** | **105,13%** |
| | 733120 | Надомест за концесии за експоатација на минерални суровини по основа на експлоатиранаминерална суровина | 1.000.000 | 180.218 | 105.825 | **10,58%** | **58,72%** |
| | 733131 | Приходи од надомест за закупнина | 1.000.000 | 833.640 | 833.640 | **83,36%** | **100,00%** |
| | 733132 | Приходи на ЕЛС остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште | 8.000.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 733144 | Надоместок за утврдување на статус на бесправно изградени објекти | 10.000.000 | 3.302.679 | -423.140 | **-4,23%** | **-12,81%** |
| | **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **221.602.000** | **7.875.253** | **26.162.166** | **11,81%** | **332,21%** |
| **10** | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **221.602.000** | **7.875.253** | **26.162.166** | **11,81%** | **332,21%** |
| | 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 5.800.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | 180.000.000 | 0 | 16.980.291 | **9,43%** | **0,00%** |
| | 741115 | Дотации на општината, од приходи од ДДВ | 35.802.000 | 7.875.253 | 9.181.875 | **25,65%** | **116,59%** |
| | 741211 | Капитални трансфери од други нивоа на власт | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ** | **566.814.000** | **113.310.751** | **136.243.999** | **24,04%** | **120,24%** |
| **11** | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **566.814.000** | **113.310.751** | **136.243.999** | **24,04%** | **120,24%** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 741120 | Наменска дотација на општината за активност од образованието | 430.930.000 | 88.600.000 | 106.000.000 | **24,60%** | **119,64%** |
| | 741120 | Наменска дотација на општината за активност од социјална заштита | 120.976.000 | 24.710.751 | 30.243.999 | **25,00%** | **122,39%** |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | 14.908.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | | **ВКУНПО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ** | **56.950.000** | **7.506.467** | **3.063.826** | **5,38%** | **40,82%** |
| | **723** | **Такси и надоместоци** | **0** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 723119 | Други помошни активности во образование | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| **12** | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **0** | **0** | **2.014.643** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | 0 | 0 | 2.014.643 | **0,00%** | **0,00%** |
| **13** | **742** | **Донации од странство** | **51.950.000** | **7.506.467** | **989.183** | **1,90%** | **13,18%** |
| | 742111 | Приходи од обединети нации | | 204.000 | 740.708 | **0,00%** | **363,09%** |
| | 742113 | Приходи од Светска банка | | 4.504.179 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 742114 | Приходи од Европска унија | 37.000.000 | 2.798.288 | -49.487 | **-0,13%** | **-1,77%** |
| | 742115 | Приходи од европските држави | | 0 | 564.632 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 742119 | Други општи и тековни донации | 14.950.000 | 0 | -266.670 | **-1,78%** | **0,00%** |
| **14** | **743** | **Капитални донации** | **0** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 743211 | капитални донации | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| **15** | **744** | **Тековни донации** | **5.000.000** | **0** | **60.000** | **1,20%** | **0,00%** |
| | 744111 | Донации од приватни компании | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 744311 | други тековни донации | 5.000.000 | 0 | 60.000 | **1,20%** | **0,00%** |
| | | **ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ** | **53.070.000** | **5.456.814** | **6.657.529** | **12,54%** | **122,00%** |
| **16** | **721** | **Приходи од имот** | **0** | **0** | **2.637** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 721111 | Вишок на оперативна готовина од дополнителни активности на единките | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 721311 | Камата од депозити од комерцијални банки | 0 | 0 | 2.637 | **0,00%** | **0,00%** |
| **16** | **722** | **Глоби, судски и административни такси** | **0** | **2.057** | **1.226** | **0,00%** | **59,60%** |
| | 722116 | Приходи од мерење на емисијана летни материи | 0 | 567 | 1.226 | **0,00%** | **216,23%** |
| | 722316 | Други локални такси | 0 | 1.490 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| **17** | **723** | **Такси и надоместоци** | **53.070.000** | **5.394.165** | **6.637.666** | **12,51%** | **123,05%** |
| | 723011 | Такси за диплома и сертификат | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 723019 | Други образовни такси | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 723111 | Целодневна и претшколска грижа | 22.870.000 | 1.968.245 | 2.068.156 | **9,04%** | **105,08%** |
| | 723112 | Средства за екскурзии | 0 | 1.103 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 723113 | Школарина за недипломски курсеви и семинари | 0 | 1.490 | 1.103 | **0,00%** | **74,03%** |
| | 723115 | Такси за учество во студентски клубови | 0 | 1.919 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 723116 | Надомест од оброци во училишта, градинки и други институции | 22.000.000 | 3.097.775 | 3.920.762 | **17,82%** | **126,57%** |
| | 723119 | Други помошни активности во образование | 1.000.000 | 151.554 | 37.708 | **3,77%** | **24,88%** |
| | 723211 | Регистарски таблички за превозни средства | 100.000 | 0 | 715 | **0,72%** | **0,00%** |
| | 723311 | Приходи остварени од надомест за слетување - лендинг | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 723611 | Услуги за публикување | 100.000 | 0 | | **0,00%** | **0,00%** |
| | 723911 | Закупнина од објекти | 7.000.000 | 172.079 | 609.222 | **8,70%** | **354,04%** |
| **18** | **724** | **Други владини услуги** | **0** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 724111 | Приходи од земјоделски услуги | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| **19** | **725** | **Други неданочни приходи** | **0** | **60.592** | **16.000** | **0,00%** | **26,41%** |
| | 725922 | Приходи од осигурување на имот | 0 | 60.592 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 725939 | Останати неданочни приходи | 0 | 0 | 16.000 | **0,00%** | **0,00%** |
| | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **0** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | **0** | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | | **ВКУПНО ПРИЛИВ ОД КРЕДИТИ** | **0** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| **11** | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **0** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | **0** | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| **20** | **754** | **Друго домашно задолжување** | **0** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 754111 | Друго домашно задолжување | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |

Од прикажаните податоци во табелата може да се види дека вкупните приходи на **Основниот буџет** на Општината за периодот јануари-март 2023 година се остварени во износ од **125.390.995,00** денари или **15,61%.**

- Кај одделните видови на приходи на Основниот буџет за периодот јануари-март 2023 година се бележат следните остварувања:

– Приходите од **данокот на доход** од добивка и од капитални добивки, се остварени во износ од **9.538.249,00** денари, односно со индекс од 33.81% во однос на планираните за 2023 година.

– Во првиот квартал во 2023 година, приходите од **даноците на имот** се остварени во износ од **28.437.992,00** денари, и со индекс од 16.63% во однос на планираните **171.000.000,00** денари во Буџетот за 2023 година.

– Приходите од **данокот на специфични услуги** бележат остварување во износ од **47.067.193,00** денари, или 15.49% во однос на планираните приходи. Во рамка на овие приходи спаѓаат:

  - *приходите од комуналната такса за улично осветлување* во износ од 12.674.328,00 денари со индекс од 28.17%,
  - *приходи од надоместок за уредување на градежно земјиште* во износ од 29.864.376,00 денари со индекс од 12.27%,
  - *комунална такса за користење на улици* во износ од 856.335,00 денари односно 17.13% и
  - Комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност во износ од 11.443,00 денари односно 2.29%,
  - Комунална такса за истакнување на фирми во износ од 3.660.711,00 денари односно 36,61%,

– Приходите од **такси за дозволи за вршење на дејност во овој период** бележат остварување во износ од **1.017,00** денари, или 1.02%

– Приходите од **глоби, судски и административни такси** изнесуваат **455.173,00** денари или 20.69% во однос планираните 2.200.000 денари за 2023 година,

– Во овој квартал не се остварени приходи од **такси и надоместоци.**

– Кај приходите од **други владини услуги** не бележиме реализација во овој извештаен период,

– Кај приходите од **други неданочни приходи** се бележи остварување во износ од **12.331.112,00** денари односно 308.28% во однос на планираните 4.000.000,00 денари,

– Приходите од **продажба на земјиште и нематеријални вложувања** бележат остварување во износ од **1.398.093,00** денари односно 1.94% во однос на планираните 72.100.000 денари. Во рамки на овие приходи спаѓаат:

  - *надоместок за утврдување на статус на бесправно изградени објекти* во износ од -423.140,00 денари односно -4.23%,
  - *надоместок за закупнина* во износ од 833.640 денари односно 83.36%.

– **Трансферите од други нивоа на власт** се остварени со индекс од 11.81% односно во износ од **26.162.166,00** денари, кои произлегуваат пред се од префрлањето на приходите од:

- Данокот на додадена вредност од Министерството за финансии во вкупен износ од 9.181.875,00 денари,
- Во делот на Капитални трасфери од други нивоа на власт не бележиме остварување,
- Во делот на Трансфери од буџетите на фондовите не бележиме остварување

За периодот јануари-март 2023 година во делот на приходите од **наменските блок дотации** добиени од Министерството за образование и наука и од Министерството за труд и социјална политика за финансирање на активностите на единаесетте основни училишта и двете детски градинки бележиме приходи во износ од **136.243.999,00** денари. Во овој период средствата се редовно префрлани на наменската сметка на Општината за извршување на активностите кај овие корисници и истите бележат остварување од **24,04%** во однос на планираните за 2023 година.

Во делот **на приходите од донации** бележиме остварување во износ од **3.063.826,00** денари или 5,38% во однос на планот.

Кај **приходите од самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки бележиме остварување во износ од **6.657.529,00** денари или 12,54% во однос на планираните за 2023 година, кои изнесуваат 53.070.000 денари.

## II - РАСХОДИ

За периодот јануари-март 2023 година реализирани се вкупни расходи на Буџетот на Општина Гази Баба во износ од **257.147.880,00** денари или **17,37%** во однос на вкупно планираните расходи кои за 2023 година изнесуваат **1.480.000.000,00** денари.

Извршените расходи за периодот јануари-март 2023 година, планираните расходи со Буџетот за 2023 година и извршените расходи за истиот период за 2022 година, кои се класифицирани по одделни програми и подпрограми во Буџетот на Општина Гази Баба, може да се видат од следната табела:

| РАСХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Програма | Програма / Ставка | 2023 година | I - Кватрал 2022 година | I - Кватрал 2023 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 6 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | А0 | Совет на општината | 11.025.000 | 1.953.861 | 2.441.386 | 22,14% | 124,95% |
| 2 | А1 | Изборни активности и референдуми | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 3 | А3 | Подмирување на доспеани а неплатени обврски | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 4 | Д0 | Градоначалник | 5.372.000 | 425.640 | 935.430 | 17,41% | 219,77% |
| 5 | Е0 | Општинска администрација | 139.514.000 | 32.155.145 | 27.129.724 | 19,45% | 84,37% |
| 6 | ЕА | Капитални трошоци на општината | 4.035.000 | 56.462 | 10.678 | 0,26% | 18,91% |
| 7 | Ф1 | Урбанистичко планирање | 9.250.000 | 148.121 | 115.559 | 1,25% | 78,02% |
| 8 | Ф2 | Уредување на градежно земјиште | 1.250.000 | 51.300 | 198.217 | 15,86% | 386,39% |
| 9 | ФА | Уредување на градежно земјиште (капит. трошоци) | 363.468.000 | 79.607.586 | 44.342.120 | 12,20% | 55,70% |
| 10 | Г1 | Поддршка на локалниот економски развој | 8.900.000 | 412.403 | 0 | 0,00% | 0,00% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | ГА | Изградба на комерцијални објекти | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 12 | ГДЕ | Поддршка на локалниот економски развој | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 13 | Ј3 | Јавно осветлување | 52.800.000 | 8.666.400 | 13.569.064 | 25,70% | 156,57% |
| 14 | Ј4 | Јавна чистота | 46.200.000 | 5.184.665 | 7.699.640 | 16,67% | 148,51% |
| 15 | Ј6 | Одржување на лок.патишта, улици и регул. на сообраќај | 4.000.000 | 0 | 2.832.000 | 70.80% | 0,00% |
| 16 | Ј7 | Одржување и користење на зеленило | 9.400.000 | 0 | 1.770.987 | 18,84% | 0,00% |
| 17 | Ј8 | Други комунални услуги | 31.000.000 | 5.661.582 | 7.201.688 | 23,23% | 127,20% |
| 18 | ЈЛ0 | Други комунални услуги (капитални расходи) | 15.000.000 | 0 | 4.942.034 | 32,95% | 0,00% |
| 19 | ЈА | Изградба на јавно осветлување | 35.880.000 | 0 | 9.333.328 | 26,01% | 0,00% |
| 20 | ЈД | Изградба и реконструкција на локални улици и патишта | 1.800.000 | 0 | 1.180.000 | 65.56% | 0,00% |
| 21 | ЈИ | Изградба на системи за отпадни води | 20.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 22 | ЈН | Урбана опрема | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 23 | К4 | Културни манифестации и творештво | 3.880.000 | 109.306 | 220.991 | 5,70% | 202,18% |
| 24 | КА | Културни манифестации и творештво (капитални трошоци) | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 25 | Л0 | Спорт и рекреација | 14.372.000 | 2.773.000 | 276.644 | 1,92% | 9,98% |
| 26 | ЛА | Спорт и рекреација (капитални трошоци) | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 27 | НА | Образоваие (капитални трошоци) | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 28 | ВА | Социјална заштита и заштита на деца (капитални трошоци) | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 29 | Р1 | Заштита на животната средина и природата | 7.800.000 | 421.886 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 30 | РА | Капитални трошоци за заштита на животната средина и природата | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 31 | Љ0 | Заштита и спасување | 900.000 | 87.960 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 32 | ЉА | Капитални трошоци за заштита и спасување | 150.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 33 | Н1 | Основно образование | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 34 | В1 | Детски градинки | 16.570.000 | 2.101.090 | 1.191.505 | 7,19% | 56,71% |
| 35 | Џ1 | Родова еднаквост | 600.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД ОСНОВЕН БУЏЕТ** | 803.166.000 | 139.816.407 | 125.390.995 | 15,61% | 89,68% |
| 36 | Н1 | Основно образование | 435.679.000 | 79.594.716 | 95.745.782 | 21,98% | 120,29% |
| 37 | В1 | Детски градинки | 131.135.000 | 23.753.346 | 28.110.144 | 21,44% | 118,34% |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ** | 566.814.000 | 103.348.062 | 123.855.926 | 21,85% | 119,84% |
| 38 | НА | Основно образование (капитални трошоци) | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 39 | Н1 | Основни училишта | 12.800.000 | 2.265.277 | 2.875.759 | 22,47% | 126,95% |
| 40 | В1 | Детски градинки | 400.000 | 300.204 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 41 | Е0 | Општинска администрација | 500.000 | 0 | 188.067 | 37,61% | 0,00% |
| 42 | ВА | Социјална заштита и заштита на деца (капитални трошоци) | 200.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 43 | ФД | Уредување на простор во рурални подрачја | 2.200.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 44 | Г1 | Поддршка на локалниот економски развој | 23.450.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 45 | ГА | Изградба на комерцијални објекти | 17.050.000 | 4.504.179 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 46 | Ј7 | Одржување и користење на зеленило | 350.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 47 | ФА0 | Градежно земјиште | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД ДОНАЦИИ** | 56.950.000 | 7.069.660 | 3.063.826 | 5,38% | 43,34% |
| 481 Градежни објекти | 0 | 0 | 400.000 | 0 | 130.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 530.000 | 0 | 530.000 |
| 482 Други градежни објекти | 406.423.000 | 54.855.448 | 300.000 | 0 | 5.360.000 | 0 | 2.400.000 | 0 | 0 | 0 | 414.483.000 | 54.855.448 | 359.627.552 |
| 483 Купување на мебел | 300.000 | 0 | 1.300.000 | 0 | 1.454.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.054.000 | 0 | 3.054.000 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 15.650.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.240.000 | 0 | 0 | 0 | 16.890.000 | 0 | 16.890.000 |
| 486 Купување на возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.810.000 | 0 | 0 | 0 | 15.810.000 | 0 | 15.810.000 |
| 489 Капитални субвенции за претпријатија и невладини орга | 15.000.000 | 4.942.034 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000.000 | 4.942.034 | 10.057.966 |

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ :**

**Лице за контакт**
**АЛЕКСАНДРА МИРЧЕВСКИ**

**Градоначалник**
**Бобан Стефковски**

**Образец К2**
**Квартален извештај за достасани ненамирени обврски**

**Општина:** Гази Баба
**Квартал:** **ПРВ КВАРТАЛ** од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година
**Датум на поднесување на извештајот:** 15.4.2023
(ден, месец, година)

| Месеци | Обврски до 30 дена | Обврски до 60 дена | Обврски над 60 дена | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | утужени | неутужени | **Вкупно** | |
| јануари | | 6.782.974 | | | **0** | **6.782.974** |
| февруари | | 3.488.520 | | | **0** | **3.488.520** |
| март | | 782.974 | | | **0** | **782.974** |
| април | | | | | **0** | **0** |
| мај | | | | | **0** | **0** |
| јуни | | | | | **0** | **0** |
| јули | | | | | **0** | **0** |
| август | | | | | **0** | **0** |
| септември | | | | | **0** | **0** |
| октомври | | | | | **0** | **0** |
| ноември | | | | | **0** | **0** |
| декември | | | | | **0** | **0** |

**Образложение:**

*(во денари)*

| **Расходна ставка** | **Вкупно обврски** |
|---|---|
| 401 | |
| 402 | |
| 403 | |
| 404 | |
| 411 | |
| 412 | |
| 413 | |
| 414 | |
| 420 | |
| 421 | |
| 423 | |
| 424 | |
| 425 | |
| 426 | |
| 427 | |
| 451 | |
| 452 | |
| 453 | |
| 461 | |
| 462 | |
| 463 | |
| 464 | |
| 465 | |
| 471 | |
| 472 | |
| 473 | |
| 474 | |
| 480 | |
| 481 | |
| 482 | 782.974 |
| 483 | |
| 484 | |
| 485 | |
| 486 | |
| 487 | |
| 488 | |
| 489 | |
| 491 | |
| 492 | |
| 493 | |
| **Тотал** | **782.974** |

Изработил : М-р Маја Кочијева
Контролирал : М-р Мариела Христова
Одобрил : Рената Стоилковска

ГРАДОНАЧАЛНИК
**Бобан Стефковски**

**Образец КЗ**
**Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

**Општина:** **ГАЗИ БАБА**
**Извештаен период :** од **01.1.2023** година до **31.3.2023** година
( ден, месец, година ) ( ден, месец, година)
**Датум на поднесување на извештајот:** **15.04.2023 година**
( ден, месец, година)

**Долг на општината**

*( во оригинална валута)*

| Ред. број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка % | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во | Гарантиран (да/не) | Периодичност на (а, б, в, г,д) | Датум на отплата на главнина Прв | Датум на отплата на главнина Последен | Датум на отплата на камата Прв | Датум на отплата на камата Последен | Достасана обврска ( во извештајниот Главница | Достасана обврска Камата | Датум на достасување на | Платена обврска ( во извештајниот Главница | Платена обврска Камата | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска Главница | Достасана неплатена обврска Камата | Состојба на долгот за извештајниот период** на | Состојба на долгот на крајот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Под проект бр. МСИП/008 | Под проект за изградба на вакумска и пречестителна станица за комунални отпадни води во населено | Министерство за финаннсии на Р. Македонија | Денари | 71.985.281 | 6-месечен ЛИБОР - евра | 10 години | 3 години | 0 | Да | в | 09.9.2022 | 10.9.2031 | 14.9.2022 | 10.9.2031 | 3.599.264 | 721.113 | 15.9.2022 | 3.599.264 | 721.113 | 08.3.2023 | | | 71.985.281 | 61.187.489 |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

**Долг на ЈП основани од општината**

*( во оригинална валута)*

| Ред. број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка % | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит (да/не) | Периодичност на отплата* (а, б, в, г,д) | Датум на отплата на главнина Прв | Датум на отплата на главнина Последен | Датум на отплата на камата Прв | Датум на отплата на камата Последен | Достасана обврска ( во извештајниот период) Главница | Достасана обврска Камата | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) Главница | Платена обврска Камата | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во извештајниот Главница | Достасана неплатена обврска Камата | Состојба на долгот за извештајниот период** на почетокот | Состојба на долгот на крајот | Заемопримач (назив на ЈП) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

Изготвил : М-р Мариела Христова
Контролирал : М-р Маја Кочијева
Одобрил : Рената Стоилковска
тел. 3226-655

ГРАДОНАЧАЛНИК
**Бобан Стефковски**

* а)месечно; б)квартално; в) полугодишно; г) годишно; д) друго;
** Податоците се однесуваат на главнина на долгот

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРИОРИТЕТЕН ИНФРАСТРУКТУРЕН ПРОЕКТ - ФЕКАЛНА МРЕЖА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ВИНИЧЕ**

1. Се објавува Одлуката за поднесување на барање за обезбедување на финансиска поддршка за изработка на техничка документација, за реализација на приоритетен инфраструктурен проект - фекална мрежа во населено место Виниче, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 22 мај 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4361/8**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), а во врска со првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти - Фонд за техничка документација, во рамки на Проект: "Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2'', Советот на Општина Гази Баба на дваесет и шесттата седница одржана на 22 мај 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРИОРИТЕТЕН ИНФРАСТРУКТУРЕН ПРОЕКТ - ФЕКАЛНА МРЕЖА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ВИНИЧЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за поднесување на барање за обезбедување на финансиска поддршка за изработка на техничка документација, за реализација на приоритетен проект - фекална мрежа во населено место Виниче, во согласност со првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти - Фонд за техничка документација, во рамки на Проект: ''Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2''.

**Член 2**

Се задолжува секторот за локален економски развој и европски интеграции да ја спроведе оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-4194/10**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ПЕРИОД 2023 - 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2023 - 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 22 мај 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-4361/9**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 7 став (1) а во врска со став (5) од Законот за енергетска ефикасност (''Службен весник на РСМ'' бр.32/20, 110/21 и 236/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.05/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и шесттата седница одржана на 22 мај 2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

## ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ПЕРИОД 2023 - 2025 ГОДИНА

1. Се донесува Програмата за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2023 - 2025 година.

2. Програмата за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2023 - 2025 година, е усогласена со:

- Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030 година (''Службен весник на РМ'' бр.61/10), и
- Стратегија за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година (''Службен весник на РСМ'' бр.25/20).

3. Програмата за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2023 - 2025 година, во рок од 30 дена од денот на донесувањето да се достави до Агенција за енергетика.

# ПРОМОВИРАЊЕ И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНАТА

**Програма за енергетска ефикасност**

**Општина Гази Баба**

**Период: 2023 - 2025**

Изработил:
ЦЕНТАР ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ
НА МАКЕДОНИЈА – МАЦЕФ

| Лица одговорни за развојот на Програмата за Енергетска Ефикасност |
|---|
| Име: Саше Паневски;<br>Соработници: Јасминка Димитрова Капац; Даниела Трпкоска; Константин Димитров |
| Позиција : енергетски контролор |
| Мобилен телефон: 075220619 |
| E-mail: sashe.panevski@gmail.com |
| Потпис(и): |
| Датум: 30.11.2022 |

| Одобрение на Програмата за Енергетска Ефикасност |
|---|
| Име: |
| Позиција : |
| Потпис: |
| Датум: |

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ГВ | Градски власти |
| КФС | Компактно флуоресцентни светилки |
| ЦОУ | Централно основно училиште |
| ЕЗ | Европска заедница |
| ЕЕ | Енергетска Ефикасност |
| ПЕЕ | Програма за Енергетска Ефикасност |
| ESCo | Компанија за енергетски услуги |
| ЕУ | Европска Унија |
| СГ | Стакленички гас |
| СД | Степен ден |
| ЖСВП | Живини светилки со висок притисок |
| МПКП | Меѓувладин панел за климатски промени |
| ЕЛС | Локална единица за самоуправа |
| M&E | Мониторинг и евалуација |
| МЕПСО | Македонско Електро Преносен Систем Оператор |
| МКД | Македонски денар |
| ОВ | Останати (видови) на светилки |
| N/A | Не се применливи |
| NPEEPB | Национална Програма за Енергетска Ефикасност во Јавни објекти |
| ЖХС | Живини хибридни светилки |
| ЈПП | Јавно приватно партнерство |
| ОЕ | Обновлива енергија |
| РИЕ | Релативен интензитет на енергијата |
| РМ | Република Македонија |
| TRACE | Алатка за брза проценка на енергијата со која што располага градот |
| USAID | Американска Агенција за Меѓународен Развој |

# СОДРЖИНА

**1 ВОВЕД ..... 5**

**1.1 Цели на програмата ..... 5**

**1.2 Енергетска политика и регулативи ..... 7**

1.2.1 Локални енергетски политики и регулативи ..... 7

1.2.2 Национална енергетска и регулативна политика ..... 8

1.2.3 Европски енергетски политики и регулативи ..... 11

**1.3 Методологија за подготовка на ПЕЕ ..... 12**

**1.4 Основни податоци за општината ..... 12**

1.4.1 Географски карактеристики и климатски услови ..... 20

1.4.2 Преглед на ЕЕ пазарот за анализа ..... 22

1.4.3 Потенцијал за искористување на обновливата енергија ..... 23

1.4.4 Општински Буџет ..... 25

**2 ПРЕГЛЕД НА МОМЕНТАЛНАТА ПОТРОШУВАЧКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ..... 29**

**2.1 Сектор вода ..... 29**

2.1.1 Питка вода ..... 29

2.1.2 Отпадни води ..... 30

**2.2 Јавно осветлување ..... 30**

**2.3 Сектор објекти ..... 32**

2.3.1 Општински објекти ..... 32

2.3.2 Приватни Објекти ..... 37

2.4 Сектор транспорт ... 37
2.5 Сектор цврст отпад ... 39
2.6 Сектор напојување и греење ... 39
2.7 Сектор индустрија ... 41
2.8 Преглед на потрошувачката на енергија ... 41
3 ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА – ЕМИСИЈА НА СТАКЛЕНИЧКИ ГАСОВИ 43
4 ОДРЕДНИЦИ ЗА РАЗЛИЧНИ СЕКТОРИ ... 44
5 ЕЕ ПОЛИТИКИ И ПРОЕКТИ ... 46
5.1 Други сектори кои може да се земат во предвид во ПЕЕ ... 53
6 ЦЕЛИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТИГНАТ СО ПРИМЕНАТА НА МЕРКИТЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ... 55
7 ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ... 60
7.1 Основен капацитет на финасирање ... 60
7.1.1 Основен капацитет на финансирање ... 65
7.2 Дополнителен (условен) финансиски капацитет ... 66
7.2.1 Грант финансирање ... 66
7.3 Поврзување на соодветната листа на приоритетни проекти со финансирачките можности на општината ... 67
8 ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОДГОВОРНИТЕ СТРАНИ ... 70
9 СЛЕДЕЊЕ И МОНИТОРИНГ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ... 78
9.1 Редовен мониторинг на Програмата за енергетска ефикасност и напредокот на активностите како и оценување на нивното влијание ... 78
9.2 Периодични извештаи за резултатите до политичките власти ... 79
9.3 Периодични надградби на ПЕЕ во согласност со забелешките и добиените резултати ... 84
ПРИЛОГ I ИНДИКАТИВНИ ЦЕЛИ ЗА ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО ... 85
ПРИЛОГ II НИВОА НА КОНТРОЛА НА ВЛАСТА ... 86
ПРИЛОГ III КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ВОЗИЛА ... 87

# ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

Табела 1: Плански документи на општината ... 7
Табела 2 Структура на населението во Општина Гази Баба ... 13
Табела 3 Вкупно расположливо земјиште, користено земјоделско земјиште и број на одвоени делови на земјиштето ... 14
Табела 4 Површина на користено земјоделско земјиште по категории (ha) ... 14
Табела 5 Под површина под шума (ha) ... 14
Табела 6 Сточарски стопанства ... 14
Табела 7 Индивидуални земјоделски стопанства ... 14
Табела 8 Листа на објекти кои се под ингеренции на Општина Гази Баба ... 15
Табела 9 Листа на објекти кои се предмет на оваа Програма за енергетска ефикасност за периодот 2023-2025 . 16
Табела 10 Буџет на општина Гази Баба за период од 2018 до 2021година ... 17
Табела 11 Климатски карактеристики на Општина Гази Баба ... 20
Табела 12: Општи податоци за општина Гази Баба ... 21
Табела 13: Анализа на сектори во Програма на енергетска ефикасност ... 22
Табела 14: Потенцијал за искористување на обновливата енергија во општина Гази Баба ... 23
Табела 15: Буџети на општината во период од 2019 – 2022 година ... 25
Табела 16: Главни проблеми на Општина Гази Баба за енергетски инвестиции ... 25
Табела 17: Главни еколошки проблеми во Општина Гази Баба ... 28
Табела 18: Приоритетни инвестициони проекти на Општина Гази Баба во блиска иднина ... 28
Табела 19: Годишна потрошувачка на енергија на секторот вода за пиење ... 30
Табела 20: Структура на изворите на светлина во системот за јавно осветлување – нов систем ... 31
Табела 21: Годишна потрошувачка на електрична енергија за јавното осветлување во референтната година 2021 – стар систем ... 32
Табела 22 Преглед на сите објектите кои се под ингеренции на Општина Гази Баба ... 32
Табела 23: Преглед на општинските објекти ... 33
Табела 24: Годишна потрошувачка на енергија во општинските објекти ... 34
Табела 25: Структура на возила во општинскиот транспорт – транспорт за сопствени потреби на општината ... 37
Табела 26*:* Годишна потрошувачка на енергија во секторот транспорт – транспорт за сопствени потреби на општината ... 37
Табела 27: Структура на возила во ЈКП „Гази Баба 2007“ ... 38
Табела 28*:* Годишна потрошувачка на енергија во секторот транспорт – ЈКП „Гази Баба 2007“ ... 38
Табела 29*:* Годишна потрошувачка на енергија во секторот транспорт – Вкупно ... 39
Табела 30: Годишна потрошувачка на енергија и трошоци по сектор ... 42
Табела 31: Вкупна годишна потрошувачка на енергија и $CO_2$ емиисии по извор на енергија и по сектор ... 43
Табела 32: Одредници за различни сектори ... 44
Табела 33: Анализа на спроведените мерки и активности од претходната Програма за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба во претходниот тригодишен период ... 46
Табела 34: Листа на проекти за енергетска ефикасност кои се разработени во ПЕЕ за Општина Гази Баба за 2023-2025 година ... 49
Табела 35: Табела за првична процена – јавно осветлување ... 53
Табела 36: Годишни заштеди на енергија ... 55
Табела 37 Предложено сценарио за 2023 година ... 60
Табела 38 Предложено сценарио за 2024 година ... 62
Табела 39 Предложено сценарио за 2025 година ... 63
Табела 40 Програми за финансирање на предложените ЕЕ во рамки на буџетот на Општина Гази Баба ... 65
Табела 41: Основен капацитет на финансирање на општината ... 65
Табела 42 Капацитет на општината за финансирање преку грантови ... 66
Табела 43: Извори на финансирање и буџети ... 69
Табела 44: Спроведување на проекти за Енергетска ефикасност вклучени во тригодишната ПЕЕ ... 72
Табела 45 Распоредот на следење на активностите за енергетска ефикасност во општината ... 79
Табела 46: Информации за спроведување на програмата ... 79
Табела 47: Националните индикативни цели за заштеда на енергија во ktoe ... 85

# ЛИСТА НА СЛИКИ

Слика 1: Генерален процес за идентификување на целите на ПЕЕ ........ 7
Слика 2: Мапа на општина Гази Баба ........ 12
Слика 3: Производство на вода и потрошувачка на електрична енергија во периодот од 2020 – 2022 ........ 30
Слика 4: Густина на водата за пиење во kWh/m3, 2020 – 2022 ........ 30
Слика 5: Електроенергетската мрежа на Република Македонија ........ 40
Слика 6: Преглед на структурата за спроведување на проекти за енергетска ефикасност во Општина Гази Баба и меѓусебна поврзаност на клучните учесници ........ 68
Слика 7: Организационен приказ на спроведување на Програмата за Енергетска Ефикасност на Општина Гази Баба ........ 72

# 1 ВОВЕД

## 1.1 Цели на програмата

Главна цел на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за периодот 2023 – 2025 година е:

- намалување на трошоците за енергија во општината, пред се во општинските објекти кои се во нејзина надлежност;
- обезбедување на нормални (стандардно комфорни) услови за престој и работа во сите простории;
- намалување на емисијата на штетни материи во воздухот и околината;
- поголема примена на обновливи извори на енергија.

Оваа цел треба да се оствари преку:

- спроведување на модернизирање на зградите кои се сопственост на општината;
- промена на навиките на сите корисници во зградите;
- обука на персоналот задолжен за спроведување и следење на мерките за енергетска ефикасност;
- зголемување на свеста на граѓаните.

Освен тоа, се очекува спроведувањето на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за периодот 2023 – 2025 година да влијае врз состојбата на општината на следниве начини:

- Обновени енергетски системи и објекти;
- Подобрени санитарни услови и зголемена продуктивност; и
- Зголемена свест за енергетски заштеди кај одговорните лица во општината кои донесуваат одлуки, извршителите и крајните потрошувачи.

Спроведувањето на сите предложени мерки за енергетска ефикасност во оваа програма, покажува дека во периодот од 2023 до 2025 година ќе се постигнат следните резултати:

- намалување на енергетските трошоци во приоритетниот сектор јавни згради на општината за 18% во однос на вкупната потрошувачка на енергија во истиот сектор; или

- намалување на енергетските трошоци во приоритетниот сектор јавни згради на општината за 11% во однос на вкупната потрошувачка на енергија во сите сектори кои се застапени со оваа програма (сектор вода, јавно осветлување, општински објекти и транспорт).

Стратешките цели на општината се фокусирани на подобрување на условите во образовните објекти во општината.

Воедно, општината се грижи за подобрување и унапредување на животната средина и условите на живот на нејзините граѓани, намалување на невработеноста и развој на локалната економија.

Целите на Општина Гази Баба се:

- Да се намали потрошувачката на енергија и трошоците за нејзино користење;
- Да се подобри внатрешната атмосфера во работните простории од зградите;
- Градење на капацитети / знаење во општината;
- Поставување / воведување на програм за следење / мониторинг на користењето на енергија;
- Имплементација на демо-проектите (зависи од изнаоѓање на извори на финансирање);
- Подигнување на јавната свест за рационално користење на енергијата во регионот и поголема енергетска ефикасност во државните и општинските установи;
- Намалување на трошоците за енергија во државните и општинските установи со цел заштеда на енергија и економски придобивки;
- Формирање на фонд за поддршка на проекти од областа на обновлива енергија;
- Формирање на лоби група од претставници на граѓанскиот сектор, медиуми и експерти за поддршка на иновативни проекти од страна на локалната и централната власт кои се однесуваат на енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.

За остварување на поставените цели се предвидуваат партнерства на локалната самоуправа со приватниот сектор, владините институции за поддршка на развојот на мали и средни претпријатија и вработувањето, невладини организации, донаторските програми и инвеститори.

Со изработката на Програмата за Енергетска Ефикасност на Општината (ОПЕЕ), општината има за цел рационално и ефикасно да ги користи сите видови на енергија и на тој начин да оствари заштеда во буџетот, а со тоа да создаде можност за пренасочување на финансиските заштеди во подобрување на останатите сектори во општината.

Под ингеренции на Општина Гази Баба се секторот објекти: објектите на основните училишта и градинките, административната општинска зграда, јавното комунално претпијатие и секторот: јавно осветление. Со намалување на потрошувачката на енергија во наведените сектори, се намалуваат финансиските трошоци за енергија и се придонесува за подобрување на услугите и квалитетот на живеење на жителите во општината.

Следен чекор е изготвување на акциски планови за секоја година поодделно преку кои ќе се одвива реализацијата на ОПЕЕ.

**Чекор 1 - Тимот за ЕЕ дефинира долга листа на цели од Програмата за енергетска ефикасност**
- Output: Прелиминарна верзија на листа на приоритетни цели

**Чекор 2 - Програмата за енергетеска ефикасност ја презентира листата на Градоначалникот**
- Output: Одобрена листа на приоритетни цели

**Чекор 3 - Градоначалникот одобрува кратка листа на приоритетни цели од Програмата за енергетска ефикасност**
- Output: Кратка листа на приоритетни ЕЕ цели

**Чекор 4 - Градоначалникот ја презентира кратката листа на цели од Програмата за енергетска ефикасност до Советот на опшината**
- Output: Предлог за приоритетни цели во општината

**Чекор 5 - Советот на општината ги одобрува финалните цели од Програмата за енергеска ефикасност**
- Output: Одлука на Советот на општината за кратката листа на приоритетни цели на општината

**Слика 1: Генерален процес за идентификување на целите на ПЕЕ**

## 1.2 Енергетска политика и регулативи

Во развојот на Програмата за енергетска ефикасност (ПЕЕ) се земени предвид моменталната и применлива енергетска политика и регулатива како и останатите релевантни стратешки документи

### 1.2.1 Локални енергетски политики и регулативи

**Табела 1: Плански документи на општината**

| Наслов на документот | Статус | Година | Опис и важност за ПЕЕ |
|---|---|---|---|
| Стратегија за локален економски развој на Општина Гази Баба | Активна | 2020-2025 | Стратешкото планирање за ЛЕР ја признава динамичноста на развојот на ОГБ и поради тоа обезбедува интегрираност на ЛЕП планирањето со останатите стратешки документи во ОГБ, вклучително и Програмата за енергетска ефикасоност на ОГБ. Оваа стратегија опфаќа четири фази:<br>1. Организирање на процесот на подготовка на стратегијата<br>2. Оценка на потребите за локалната економија и останатите чинители кои делуваат и живеат на територијата на општината<br>3. Изработка на стратегија за ЛЕР и подстратегија за рурален развој<br>4. Изработка на акциони планови за импелемнтација |
| Програма за улично осветлување на подрачјето на Општина | Завршена | 2018 | Вклучува мерки за подобрување на уличното осветлување во Општина Гази Баба |

| Наслов на документот | Статус | Година | Опис и важност за ПЕЕ |
|---|---|---|---|
| Гази Баба | | | |
| Програма за тековно одржување на училиштата на подрачјето на Општина Гази Баба | Завршена | 2018 | Со цел да се динамизира и подобри квалитетот на воспитно-образовниот процес се наметнува потребата секоја локална самоуправа нагласено внимание да посвети на подигањето на нивото на образовниот систем и за таа цел потребно е да се извршат потребни санации и реконструкции во основните училишта. Овие реконструкции се вклучени во оваа програма, а вклучуваат замена на прозорци, поставување на изолација на надворешни ѕидови, и слични мерки. |
| Програма за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба | Завршена | 2019-2021 | |

### 1.2.2 Национална енергетска и регулативна политика[1]

Но продолжение е даден преглед на моменталното национално законодавство кое се однесува на локалните единици за самоуправа (LSGs).

**Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија Дел I/II (2009-2030) (НСОР)**

Оваа стратегија на Република Северна Македонија поставува визија, мисија и цели за економски, социјален и еколошки рамномерен развој. Со спојување кон глобалното движење за одржлив развој, Република Северна Македонија треба да им обезбеди на своите граѓани јасна насока и патоказ за развој на земјата, како и да ги мотивира нивната надеж и доверба во иднина.

Оваа Национална стратегија за одржлив развој на Република Северна Македонија обезбедува интегрален пристап на планирање, кој нуди целокупно покритие за сите други политики и стратегии во различни области. НСОР ги почитува веќе поставените стратешки правци во различни сектори, но исто така дава силни меѓусекторски врски од суштинско значење за одржливиот развој. Енергетската политика на Северна Македонија е дел од Стратегијата за одржлив развој.

**Енергетска политика на Република Северна Македонија**

Енергетската политика ги дефинира целите и инструментите со кои Владата на Република Северна Македонија треба да придонесе за развој на енергетскиот сектор во однос на: непрекинато и сигурно снабдување со енергија, заштита на животната средина, правата на сопственост, пазарната економија, инвестиции, енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија, поврзување со регионот и пошироко, социјалната политика итн.

Оваа политика е дефинирана со неколку стратешки документи и тоа Законот за енергетика, Законот за енергетска ефикасност, Стратегијата за развој на енергетиката на Република

[1] Бидејќи овие законски документи се предмет на промена, мораат да бидат постојано и внимателно следени. На следниот линк се поставени сите национални регулативи: http://www.pravo.org.mk/

Северна Македонија до 2040 година и Нацрт Програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката 2021-2025 година.

Некои од целите на енергетската политика, кои се идентични со целите и на општината се:

1. Одржување, ревитализација и модернизација на постојната и изградба на нова, современа инфраструктура за потребите на производството и користење на енергија;
2. Подобрување на енергетската ефикасност во производството, преносот и користењето на енергијата;
3. Искористување на домашните ресурси (резервите на лигнит, хидро потенцијал, ветерната и соларната енергија) за производство на електрична енергија;
4. Зголемување на искористувањето на природниот гас;
5. Зголемување на користењето на обновливите извори на енергија;
6. Заштита на животната средина.

За да се осигура реализацијата на предвидената политика, Владата треба да спроведе широк комплекс на мерки од политичка, економска, техничка и административна природа.

- Политички мерки (енергетските проекти да бидат поставени како значаен национален приоритет);
- Економски мерки (добра и фер економска регулација на енергетскиот сектор, намалување на даноците за горива кои помалку загадуваат, намалување на даноците и царинските давачки за енергетски ефикасна опрема, наменски кредити);
- Технички мерки (стандардизација на опремата, едукација на проектантите и ревизорите на проекти, воведување на потребните стандарди);
- Правни и административни мерки (промена и подобрување на постоечките закони, како и подготовка на соодветни подзаконски акти, правилници, методологии);
- Медиумска кампања (подигање на свеста на граѓаните и трговците дека енергијата е редок и скап ресурс и да се едуцираат потрошувачите, на јасен, концизен и популарен начин).

**Стратегијата за развој на енергетиката 2021-2025 година**

Во овој документ е остварена детална дијагностика на клучните проблеми кои го оптоваруваат енергетскиот сектор во земјата. Предложени се оптимални решенија за надминување на утврдените проблеми, со фокусирање на нивните предности и слабости.

Приоритет е даден на користењето на домашни ресурси, диверзификацијата на снабдувањето со енергенси и децентрализираното производство на енергија.

Стратегијата е приготвена во согласност со практиките и регулативите на ЕУ и ги исполнува сите обврски преземени во регионалната и меѓународната енергетска област.

**ЗАКОНОДАВСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Следните европски директиви поврзани со ова проблематика се пренесени во законите на Република Северна Македонија:

- Директива 2010/31/ЕЗ (изменета и дополнета преку 2018/844/ЕЗ) на Европскиот парламент и на Советот од 19 мај 2010 година за енергетските карактеристики на згради;

- Директива 2012/27/EU (изменета и дополнета 2018/2002) на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 за енергетска ефикасност.

Преку следниве закони:

- Закон за енергетика (Службен весник на РСМ бр.96/2019);
- Закон за енергетска ефикасност (Службен весник на РСМ, бр. 32 од 10.2.2020 година);
- Закон за градење е („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19);
- Закон за заштита на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
- Закон за локална самоуправа (Службен весник бр. 5/02);

Во согласност со енергетската политика, општините донесуваат Програма за подобрување на енергетската ефикасност која треба да биде во согласност со Националниот акциски план за енергетска ефикасност во Република Северна Македонија до 2022. Оваа Програма се изработува за период од три години и се состои од:

1) Предлог-мерки за енергетска ефикасност во локалната самоуправа, кои вклучуваат:

- План за адаптација и одржување на зградите кои се користат за извршување на дејностите на локалната самоуправа, јавните служби и јавните претпријатија основани од локалната власт, а чија цел е подобрување на енергетската ефикасност;
- План за адаптација и одржување на објектите на училиштата и културните објекти, кои се во надлежност на општината;
- Планови за подобрување на системот на комунални услуги (јавно осветлување, снабдување со вода, управување со отпад, итн.) и сообраќај за подобрување на енергетската ефикасност;
- Посебни мерки за енергетска ефикасност во зградите, кои се заштитени како културно наследство и сл.;
- Други мерки за енергетска ефикасност кои ќе се спроведуваат во локалната самоуправа.

2) Распоред и начин на спроведување на мерките; и

3) Потребни ресурси за спроведување на Програмата, извори и методите за нивно обезбедување.

Изработената Програма, локалната самоуправа ја доставува до Министерството за економија за да се процени согласноста со Националната стратегија. Соодветно на тоа, за промовирање на енергетската ефикасност на локално ниво може да обезбедат средства од буџетот на Република Северна Македонија.

Програмата за енергетска ефикасност се спроведува преку годишни планови за подобрување на енергетската ефикасност на локално ниво. Планот за подобрување на енергетската ефикасност содржи:

- Мерки и план за нивно спроведување;
- Распоред и начинот на спроведување на мерките; и
- Износ на средствата потребни за спроведување на мерките и методи за нивно обезбедување.

Како една од целите за заштитата на животната средина предвидено е планот да содржи и елементи за заштита на озонската обвивка и ублажување на климатските промени, како и рационално користење на енергијата и поттикнување на употребата на обновливите извори на енергија.

### 1.2.3 Европски енергетски политики и регулативи

Македонија како земја кандидат за полноправно членство во Европската унија има обврска ефикасно да ги спроведе реформите во општествениот систем. Развојот на енергетскиот сектор е од посебно значење.

Во септември 1998-та година, Република Северна Македонија го ратификуваше Договорот за енергетска повелба, Договорот за основање на енергетска заедница, Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени и Кјото Протоколот.

Во согласност со Договорот за основање на енергетска заедница, Македонија го усогласува своето законодавство со постојната правна регулатива на Европската Унија за енергија, животна средина, конкуренција, обновливи извори на енергија, енергетска ефикасност и за нафтени резерви. Во овој контекст, постојат неколку важни директиви во областа на енергетиката кои се наведени подолу:

- Директивата за енергетски карактеристики на згради 2002/91 / EC, 2010/31 / EU (изменета и дополнета преку 2018/844/ЕЗ);
- Директивата за енергетска ефикасност и користењето на енергетските услуги и за укинување на Директивата 93/76 / EEC на Советот и 2006/32 / EC;
- Директивата 2008/1 / EC за интегрирано спречување и контрола на загадувањето;
- Директивата 2012/27 / EU за енергетска ефикасност, за изменување на Директивите 2009/125 / EC и 2010/30 / EU и укинување на Директивите 2004/8 / EC и 2006/32 / EC;
- Директива за промоција на комбинираното производство на енергија врз основа на побарувачката на корисна топлина на внатрешниот пазар на енергија и за изменување на Директивата 92/42 / EEC, 2004/8 / EC.

## 1.3 Методологија за подготовка на ПЕЕ

Оваа ПЕЕ е развиена со користење на методологијата развиена и обезбедена од страна на Еконолер и Агенцијата за Енергетика, по консултациите со Светска банка. Методологијата е дадена во посебен документ, кој го опишува во детали процесот на развој на ПЕЕ, вклучувајќи го и целиот циклус на неговиот развој и неговото одобрување.

## 1.4 Основни податоци за општината

- *Општи податоци за општината;*

Општина Гази Баба е дел од главниот град на Република Македонија со квалитетни урбани услуги и ефикасен урбан менаџмент, конкурентна економија и одржлив економски раст, висок квалитет на живеење и здрава животна средина, атрактивна за бизниси, домување и туристи.

Општината Гази Баба се протега на 92 $km^2$ и има 69626 жители. Просечната возраст на популацијата е 35,4 години. Во однос на половата структура, општината има 49,5% машко население и 40,5 женско население.




**Слика 2: Мапа на општина Гази Баба**

Во општината има 21 населени места и на нивото на општината фунционираат 2818[2] компании.

**Табела 2 Структура на населението во Општина Гази Баба**

| Национална припадност | Број на жители | Застапеност во % |
|---|---|---|
| Македонци | 45252 | 65% |
| Албанци | 14146 | 20% |
| Турци | 468 | 1% |
| Роми | 1922 | 3% |
| Срби | 1328 | 2% |
| Власи | 185 | 0% |
| Бошњаци | 753 | 1% |
| Други неспомнати | 554 | 1% |
| Не се изјасниле | 16 | 0% |
| Непознато | 10 | 0% |
| Лица за кои податоците се преземени од административни извори | 5002 | 7% |

- *Земјиште*

Општина Гази Баба е дел од главниот град на Република Северна Македонија со квалитетни урбани услуги и ефикасен урбан менаџмент, конкурентна економија и одржлив економски раст, висок квалитет на живеење и здрава животна средина, атрактивна за бизниси, домување и туристи.

Поголемиот дел од подрачјето на општината е рурална област, додека помал дел е урбано подрачје.

Основни статистички податоци за земјоделството, сточарството и рибарството во индивидуалниот сектор во Македонија, во Гази Баба се дадени во прилог (извор: Државен завод за статистика Република Македонија, Попис на земјоделството, 2007).

[2] За 2016 година според Централен регистар на Република Северна Македонија

**Табела 3 Вкупно расположливо земјиште, користено земјоделско земјиште и број на одвоени делови на земјиштето[3]**

| Број на индивидуални земјоделски стопанства | Вкупно расположлива површина на земјиштето | Користено земјоделско земјиште (ha) | | | | Број на одвоени делови на користено земјиште |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно користено земјиште | Сопствено земјиште | Земено на користење од други | Дадено на користење на други | |
| | ha | ha | ha | ha | ha | ha |
| 2370 | 2942 | 2370,81 | 2065,7 | 342,02 | 36,92 | 5383 |

**Табела 4 Површина на користено земјоделско земјиште по категории (ha)**

| Вкупно | Ораници, бавчи и куќни градини | Ливади | Пасишта | Овоштарници | Лозја | Расадници |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ha | ha | ha | ha | ha | ha | ha |
| 2370 | 2146,35 | 81,57 | 38,46 | 41,19 | 62,69 | 0,56 |

**Табела 5 Под површина под шума (ha)**

| Број на домаќинства кои поседуваат шума | Вкупна површина под шума | Површина под чисти насади од листопади | | | | Почисти под чисти од иглолисни | | | | Површина под мешани (листопадни иглолисни) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | даб (сите видови) | бука | други | Вкупно | бор | ела | други | |
| | ha | ha | ha | ha | ha | ha | ha | ha | ha | ha |
| 929 | 1037,31 | 1007,78 | 625,31 | 328,09 | 54,37 | 13,37 | 12,29 | 1 | 0,08 | 16,16 |

**Табела 6 Сточарски стопанства**

| Сточарски стопанства со: | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | говеда | коњи | овци | кози | свињи | живина | зајаци | пчелни семејства |
| 2409 | 541 | 183 | 51 | 170 | 649 | 755 | 39 | 21 |

**Табела 7 Индивидуални земјоделски стопанства**

| Индивидуални земјоделски стопанства со објекти за сместување на добиток и живина | | | | |
|---|---|---|---|---|
| вкупно | со објекти за сместување на крупен добиток | со објекти за сместување на ситен добиток | со живинарници | со објекти за сместување на други животни |
| 1471 | 536 | 521 | 398 | 16 |

[3] Попис на земјоделството, 2007 Основни статистички податоци за земјоделството, шумарството и рибарството во индивидуалниот сектор во Република Македонија, по општини КнигаII ISBN: 978-9989-197-02-4, датум на издавање: 25.12.2007 година, Државен завод за статистика, Република Македонија http://www.stat.gov.mk/Publikacii/PopisNaZemjodelstvo2007/knigaII.pdf

- *Приватен сектор*

Во општината Гази Баба, регистрирани се 2818 компании, од кои 61,5% се микро, 35% се мали, 2% се средни и 1.5% се големи компании. Најзастапени дејности се фармацевтската индустрија, метална индустрија, металургија, винска и пивска индустрија, логистика како и трговија.

Вкупната работна сила, односно вработени во приватниот сектор во општината е 28550 лице и просечната плата е 531 ЕУР.

Општина Гази Баба претставува најиндустриската општина на територијата на град Скопје, со голема традиција од неколку децении на постојните индустриски зони, и многу бренд компании од носечките индустрии – фармација и хемиската индустрија, металната индустрија, индустријата на храна, логистичката индустрија, трговијата на мало и големо, автомобилската индустрија, ИТ индустријата, здравствените центри, индустријата на пиво и вино, итн...

Со Генералниот урбанистички план во ОГБ се просоторно дефинирани две урбанистички и инфраструктурно опремени индустриски зони (индустриски парк Железара и Источна индустриска зона) , како и една зона во развој (индустриска зона Северна Заобиколница), кои се карактеризираат со одлична геостратегиска местоположба, на крстосницата на пан – европските коридори 10 и 8.

- *Податоци за јавните објекти во општината;*

Јавните објекти може да се поделат на следните категории:

1. образовни објекти;
2. административни објекти на Општина Гази Баба;
3. објекти на јавни претпријатија.

- *Јавни објекти и услуги за кои општината носи дел од трошоците или сите трошоци;*

Во надлежност на општината има неколку типови на објекти, кои се разликуваат според нивната намена:

**Табела 8 Листа на објекти кои се под ингеренции на Општина Гази Баба**

| **Назив на објектите** | |
|---|---|
| Административни објекти | Административен објект - бараки на Општина Гази Баба |
| Училишта за основно образование | ОУ „Вера Јоциќ“ |
| | ОУ „Петар Петровиќ Његош“ |
| | ОУ „Стив Наумов“ |
| | ОУ „Крум Тошев“ |
| | ОУ „Кирил и Методиј“ |
| | ПОУ „Кирил и Методиј“, с. Страчинци |
| | ОУ „Дане Крапчев“ |
| | ОУ „Наум Наумовски - Борче“ |
| | ОУ „Крсте Мисирков“ |

| | |
|---|---|
| | ПОУ „Крсте Мисирков“, с. Брњарци |
| | ОУ „Глигор Прличев“ |
| | ОУ „25ти Мај“ |
| | ПОУ „25ти Мај“ с. Сингелиќ |
| | ОУ „Наум Охридски“ |
| | ПОУ „Наум Охридски“, с. Раштак |
| | ПОУ „Наум Охридски“, с. Црешево |
| Градинки | ЈУОДГ „Детска Радост“, матичен објект Мимоза |
| | ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Темјанушка 1 и 2 |
| | ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Сончоглед |
| | ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Калинка |
| | ЈУОДГ „25ти Мај“, матичен објект Сонце |
| | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Пони |
| | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Детелинка |
| | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Синоличка |
| | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Искра |
| | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Морковче |
| | ЈУОДГ „25ти Мај“ - клон Пеперутка |
| Јавни претпријатија | ЈКП „Гази Баба 2007“ |

Во следната табела се дадени објектите кои се предмет на оваа ПЕЕ, за кои е направена анализа на потрошувачката на енергија и дадени се предлог мерки за подобрување на енергетската ефикасност:

**Табела 9 Листа на објекти кои се предмет на оваа Програма за енергетска ефикасност за периодот 2023-2025**

| **Назив на објектите** | |
|---|---|
| Училишта за основно образование | ОУ „Вера Јоциќ“ |
| | ОУ „Петар Петровиќ Његош“ |
| | ОУ „Стив Наумов“ |
| | ОУ „Крум Тошев“ |
| | ОУ „Кирил и Методиј“ |
| | ПОУ „Кирил и Методиј“, с. Страчинци |
| | ОУ „Дане Крапчев“ |
| | ОУ „Наум Наумовски - Борче“ |
| | ОУ „Крсте Мисирков“ |
| | ПОУ „Крсте Мисирков“, с. Брњарци |
| | ОУ „Глигор Прличев“ |
| | ОУ „25ти Мај“ |
| | ПОУ „25ти Мај“ с. Сингелиќ |
| | ОУ „Наум Охридски“ |
| | ПОУ „Наум Охридски“, с. Раштак |
| | ПОУ „Наум Охридски“, с. Црешево |
| Градинки | ЈУОДГ „Детска Радост“, матичен објект Мимоза |

| | |
|---|---|
| | ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Темјанушка 1 и 2 |
| | ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Сончоглед |
| | ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Калинка |
| | ЈУОДГ „25ти Мај“, матичен објект Сонце |
| | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Пони |
| | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Детелинка |
| | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Синоличка |
| | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Искра |
| | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Морковче |
| | ЈУОДГ „25ти Мај“ - клон Пеперутка |
| Јавни претпријатија | ЈКП „Гази Баба 2007“ |

- *Податоци за општинскиот буџет*

Просечна висина на буџетот на Општина Гази Баба е на ниво од 991.413.721,00 денари.

**Табела 10 Буџет на општина Гази Баба за период од 2018 до 2021година**

| Година | Вкупен буџет на Општина Гази Баба (денари) |
|---|---|
| 2019 | 884.571.881,00 |
| 2020 | 782.103.966,00 |
| 2021 | 1.249.540.038,00 |
| 2022 | 1.049.439.000,00 |

Буџетот на Општина Гази Баба го изгласува Советот на Општина Гази Баба во однос на програми за буџетско-трезорско работење. Во оформувањето на буџетот се разгледуваат структурата на планирани приходи и расходи. Во рамки на приходите се опфатени следните видови на приходи:

- Даночни приходи;
- Неданочни приходи;
- Капитални приходи;
- Приходи од трансфери;
- Приходи од дотации;
- Приходи од донации.

Во рамки на планираните расходи се опфатени:

- Плати и надоместоци;
- Резерви и недефинирани расходи;
- Стоки и услуги;
- Каматни плаќања;
- Субвенции и трансфери;

- Капитални расходи;
- Социјални бенефиции;
- Отплата на главнина.

- *Извори на енергија во општината;*

| ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Сончоглед | Замена на стари прозорци и врати | 920000 | 10453 | 37317 | 24,65 | 2,71 | 2023 |
| | Замена на осветление | 120600 | 9144 | 126370 | 0,95 | 8,37 | 2023 |
| ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Калинка | Замена на стари прозорци и врати | 1223600 | 10839 | 38695 | 31,62 | 2,81 | 2023 |
| ЈУОДГ „25ти Мај“, матичен објект Сонце | Замена на стари прозорци и врати | 3174000 | 33060 | 226130 | 14,04 | 8,83 | 2023 |
| | Поставување на регулација на котел | 260000 | 6920 | 47333 | 5,49 | 1,85 | 2023 |
| | Замена на осветление | 146700 | 9198 | 127116 | 1,15 | 8,42 | 2023 |
| ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Пони | Замена на стари прозорци и врати | 2060800 | 17840 | 63689 | 32,36 | 4,62 | 2023 |
| | Замена на осветление | 117900 | 9471 | 130889 | 0,9 | 8,67 | 2023 |
| ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Детелинка | Поставување на термостатски вентили | 155400 | 5713 | 20395 | 7,62 | 1,48 | 2023 |
| | Замена на осветление | 212400 | 11162 | 154259 | 1,38 | 10,21 | 2023 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Синоличка | Замена на стари прозорци и врати | 2.327.600,00 | 37292 | 255.077,00 | 9,13 | 9,96 | 2023 |
| | Поставување на регулација на котел | 260.000,00 | 5586 | 38.208,00 | 6,8 | 1,49 | 2023 |
| | Замена на осветление | 293.400,00 | 7656 | 105.806,00 | 2,77 | 7,01 | 2023 |
| ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Искра | Замена на осветление | 135.000,00 | 4488 | 62.024,00 | 2,18 | 4,11 | 2023 |
| **Административни објекти** | | | | | | | |
| ЈКП „Гази Баба 2007“ | Замена на стари прозорци и врати | 202.400,00 | 1884 | 26.037,00 | 7,77 | 1,72 | 2023 |
| **Јавно осветлување** | | | | | | | |
| Јавно осветлување - парцијално | | 9.037.467,00 | 139483 | 1.927.650,00 | 4,69 | 127,63 | 2023 |
| **ВКУПНО** | | **23.629.217,00** | **439717** | **4.240.472,00** | **5,57** | **256,50** | **2023** |

Вкупните инвестиции за спроведување на мерките за ЕЕ за 2023 година се 23629217 денари, а заштедите на енергија 439717 kWh и финансиските заштеди се 4240472 денари.

# 3 ЦЕЛИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТИГНАТ СО ПРИМЕНАТА НА МЕРКИТЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Приказ на поединечните процентуални заштеди на енергија во општината од спроведување на предложените проекти за енергетска ефикасност, вклучени во вкупните заштеди на енергија во приоритетниот сектор – општински објекти се дадени во следните табели.

**Табела 4: Годишни заштеди на енергија**

| Сектор | Проект за ЕЕ | Вкупна потрошувачка на енергија пред мерките за ЕЕ | Вкупна потрошувачка на енергија после мерките за ЕЕ | Очекувана вкупна заштеда на енергија | | Вкупна заштеда на енергија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (kWh/god) | (kWh/god) | (kWh/god) | (ktoe*) | (%) |
| **Образовни и воспитни објекти** | | | | | | |
| ОУ „Петар Петровиќ Његош“ | Поставување на термостатски вентили | 342760 | 317977 | 10621 | 0,00091 | 3% |
| | Поставување на регулација на котел | | | 14162 | 0,00122 | 4% |
| ОУ „Стив Наумов“ | Поставување на термостатски вентили | 603949 | 570433 | 18869 | 0,00162 | 3% |
| | Замена на осветление | | | 14647 | 0,00126 | 2% |
| ОУ „Крум Тошев“ | Поставување на термостатски вентили | 107673 | 103890 | 3783 | 0,00033 | 4% |
| ОУ „Кирил и Методиј“ | Поставување на термостатски вентили | 152078 | 143359 | 3488 | 0,0003 | 2% |
| | Поставување на регулација на котел | | | 5231 | 0,00045 | 3% |
| ПОУ „Кирил и Методиј“, с. Страчинци | Поставување на термостатски вентили | 109096 | 105763 | 2222 | 0,00019 | 2% |
| | Замена на осветление | | | 1111 | 0,0001 | 1% |
| ОУ „Дане Крапчев“ | Поставување на термостатски вентили | 252089 | 236982 | 6647 | 0,00057 | 3% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Замена на осветление | | | 8460 | 0,00073 | 3% |
| ОУ „Наум Наумовски - Борче“ | Поставување на термостатски вентили | 692304 | 678960 | 13344 | 0,00115 | 2% |
| ОУ „25ти Мај“ | Поставување на термостатски вентили | 245871 | 229715 | 6924 | 0,0006 | 3% |
| | Поставување на регулација на котел | | | 9232 | 0,00079 | 4% |
| ПОУ „25ти Мај“ с. Сингелиќ | Поставување на термостатски вентили | 34364 | 33577 | 787 | 0,00007 | 2% |
| ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Сончоглед | Замена на стари прозорци и врати | 234939 | 215342 | 10453 | 0,0009 | 4% |
| | Замена на осветление | | | 9144 | 0,00079 | 4% |
| ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Калинка | Замена на стари прозорци и врати | 161228 | 150389 | 10839 | 0,00093 | 7% |
| ЈУОДГ „25ти Мај“, матичен објект Сонце | Замена на стари прозорци и врати | 322272 | 273094 | 33060 | 0,00284 | 10% |
| | Поставување на регулација на котел | | | 6920 | 0,0006 | 2% |
| | Замена на осветление | | | 9198 | 0,00079 | 3% |
| ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Пони | Замена на стари прозорци и врати | 229708 | 202397 | 17840 | 0,00153 | 8% |
| | Замена на осветление | | | 9471 | 0,00081 | 4% |
| ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Детелинка | Поставување на термостатски вентили | 275568 | 258693 | 5713 | 0,00049 | 2% |
| | Замена на осветление | | | 11162 | 0,00096 | 4% |
| ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Синоличка | Замена на стари прозорци и врати | 215740 | 165206 | 37292 | 0,00321 | 17% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Поставување на регулација на котел | | | 5586 | 0,00048 | 3% |
| | Замена на осветление | | | 7656 | 0,00066 | 4% |
| ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Искра | Замена на осветление | 148272 | 143784 | 4488 | 0,00039 | 3% |
| **Административни објекти** | | | | | | |
| ЈКП „Гази Баба 2007“ | Замена на стари прозорци и врати | 11381 | 9497 | 1884 | 0,00016 | 17% |

* 1 toe = 41.868 GJ = 11630 kWh

**Табела 5: Националните индикативни цели за заштеда на енергија во ktoe**

| **Националните годишно индикативни цели за заштеда на енергија во 2018та година (ktoe)** | **147.2** |
|---|---|
| **Сектор** | **Предвидена годишна заштеда на енергија на крајот на 2018та година** |
| Станбен сектор | 40.51 |
| Комерцијален сектор и комуналии | 24.19 |
| Сектор за индустрија | 90.45 |
| Сектор за транспорт | 44.63 |
| Вкупно предвидени енергетски заштеди | 199.78 |

# 4 ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКЦИОНИОТ ПЛАН

Вкупниот проценет буџет за спроведување на годишниот Акционен План (АП) за годината 2023 изнесува 23629217 МКД. Табела 6 дава приказ на изворите на финансирање и буџетот на индивидуален извор.

**Табела 6: Извори на финансирање и буџети**

| Листа на приоритетни проекти | | | Извори на финансирање | | | | Останати можности на финансирање | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Име на проектот | Период на исплата [1] | Износ на инвестиција МКД милион | Расположливо основно финансирање МКД милион | Програми за грантови МКД милион | Заеми МКД милион | ЈПП МКД милион | Основно финансирање | Програми за грантови | Заеми |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА НА РАСПОЛАГАЊЕ:** | | | | | | | | | |
| **1.Замена на стари прозорци и врати** | 15,32 | 9.908.400,00 | 9.908.400,00 | | | | | | |
| **2.Поставување на термостатски вентили** | 5,42 | 1.860.600,00 | 1.860.600,00 | | | | | | |
| **3.Поставување на регулација на котел** | 4,62 | 1.300.000,00 | 1.300.000,00 | | | | | | |
| **4.Замена на осветление** | 1,46 | 1.522.750,00 | 1.522.750,00 | | | | | | |
| 6. **Јавно осветление** | 5 | 9.037.467,00 | 9.037.467,00 | | | | | | |
| **Вкупната инвестиција на проектот:** | | **23.629.217,00** | **23.629.217,00** | | | | | | |

# 5 ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОДГОВОРНИ СТРАНИ

Општинскиот акциски план за енергетска ефикасност (АПЕЕ) е краткорочен план и документ за политиката што ќе се спроведува во општината. Претставници и експерти од Општина Гази Баба се вклучени во развојот на АПЕЕ. Ова овозможува создавање на правилни процедури во организацијата на општината за подоцна истите да бидат користени според предвиденото во Програмата.
За оваа цел, во рамките на организационата структура на општината се предлага да се формира тим за Енергетска Ефикасност (ЕЕ тим) и задачите на членовите ќе бидат дефинирани со правилник за систематизација на работните задачи.

*Во секоја општина потребно е да се основа канцеларија за енергетска ефикасност. Овие канцеларии ќе бидат меѓусебно поврзани во централна национална мрежа за ЕЕ. Ова ќе го олесни мониторингот и анализата на енергетската потрошувачка во општинските згради од една централна локација. Ваквата организација на локалните власти ќе се направи на доброволна основа, но ќе биде силно поддржана од Фондот за енергетска ефикасност. Со вклучување во програмата, секоја општина ќе преземе јавна обврска за намалување на сопствената годишна потрошувачка на енергија. Се проценува дека овие заштеди се можни дури и со спроведување само на промени во организацијата и однесувањето.* [1]

**Учесници и извршители на програмата: Тим за енергетска ефикасност**

Како дел од стратегијата за енергетска ефикасност, општината ќе формира тим за Енергетска Ефикасност (ЕЕ тим) на локалната администрација. Тимот за енергетска ефикасност е одговорен за работата поврзана со енергетската ефикасност со следните надлежности:

- Да координира и спроведува проекти за енергетска ефикасност во општината и да следи и да доставува извештаи за остварените резултати;
- Да учествуваат во планирање на општинскиот буџет за трошоците за енергија и одржувањето на објектите во надлежност на општината, како и јавното осветление;
- Да работи и управува со базата на податоци на јавните објекти и следењето на енергија;
- Да иницира и координира активности со владини и невладини организации за спроведување на проекти за енергетска ефикасност како и донаторски организации и фондови коишто подржуваат локален развој;
- Да помага при подготовка на тендерски документи и да соработува со надворешни експерти и консултанти за енергетски прегледи, стопанско планирање, управување со проекти, итн.
- Тимот го предводи раководител на тимот кој директно го известува градоначалникот на општината. Описот на работните задачи на раководителот на тимот и на останатите членови на тимот да се дефинираат и соодветно да се ажурираат по потреба.

[1]НАПЕЕ- 1.2.2.5.

***Раководител на Тимот за Енергетска Ефикасност (Раководител на Проект)***

Успехот на Програмата е целосно зависен од посветеноста, учеството и ангажираноста на Раководителот на Тимот за Енергетска Ефикасност. Покрај другите, основни задачи на раководителот на тимот за енергетска ефикасност се:

- Да управува со проекти за развој на ОПЕЕ во општината;
- Да ги одредува улогите, одговорностите и мандатите на ЕЕ Тимот;
- Да ја објаснува содржината и да ги распределува задачите во ЕЕ Тимот, а доколку е потребно, да покани и други личности од општината како привремени членови на тимот или да ангажира надворешни советници;
- Да ја следи и навремено да известува за напредокот на Програмата до Градоначалникот;
- Да дава извештаи за напредокот и развојот на ОПЕЕ пред советот на Општина Гази Баба;
- Да ја следи употребата и надградувањето на базата на податоци и соодветното ажурирање на податоците за потрошувачка на енергија во општинските објекти.

***Членови на Тимот за Енергетска Ефикасност (ЕЕ тим)***

Членовите на Тимот за Енергетска Ефикасност треба тесно да соработуваат со надворешните советници за извршување на задачите, да ги одредуваат задачите и да ги контролираат резултатите. Општи одговорности на членовите на тимот за енергетска ефикасност се:

- Поврзување на ОПЕЕ со визијата и стратегијата за развој на општината и истражување на правната рамка за развој и спроведување на Програмата;
- Одредување, следење и ажурирање на долгорочните цели како и среднорочните цели за 2023-2025;
- Да работат на формирање и управување со базата на податоци, собирање и чување на податоците (типовите на градба на објекти, технички системи, енергетски системи, извори на енергија и уреди, како и со основните начела кои се однесуваат на администрацијата во објектите);
- Собирање и анализирање на неопходните факти и основни информации за идентификација на пречките и подготовка на Нацрт документи за Општинскиот Совет за развој на Програмата за Енергетска Ефикасност;
- Опишување/ажурирање на состојбата во општината за објектите под општинска надлежност и потрошувачката на енергија, правење на основни проценки и пресметка на потенцијалите за енергетска ефикасност во општината;
- Развивање на акциски планови за енергетска ефикасност за секоја година, вклучувајќи финансиски предвидувања и потреби за финансирање од рамките на буџетот на општината со детален опис на активностите и временски распоред, инвестициони заштеди, профитабилност, влијанија врз човековата средина, подобрување на квалитетот на општинските услуги и дополнителни придобивки;
- Развивање на финансиски план за спроведување на ОПЕЕ, вклучувајќи финансиски шеми, финансиски извори, капитал (извори од буџетот на општината), можни финансиски институции, донаторски програми, фондови со посебна намена, итн;
- Организирање и спроведување на Програмата со вклучени инвестиции, распореди, трошковни планови, учесници и спроведувачи на програмата, модалитети за изведба на програмата (подизведувачи и советници);
- Вршење на мониторинг и контрола за утврдување на енергетската состојбата во општинските објекти и јавното осветление;
- Организација на следење, проценки и известување за развојот на Програмата.

Организациска структура за спроведување на програмата




**Слика 1: Организационен приказ на спроведување на Програмата за Енергетска Ефикасност на Општина Гази Баба**

За успешно функционирање на сите учесници во спроведување на АПЕЕ, потребно е нивна меѓусебна и постојана комуникација како што е прикажано на горната слика.

**Табела 7: Имплементација на ЕЕ проекти вклучени во Акциониот План**

| Број | Проекти за Енергетска ефикасност | Опис | Активности на имплементацијата | Период на имплементација | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| **Образовни и воспитни објекти** | | | | | |
| 1 | Поставување на термостатски вентили | ОУ „Петар Петровиќ Његош“ | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 2 | Поставување на регулација на котел | ОУ „Петар Петровиќ Његош“ | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 3 | Поставување на термостатски вентили | ОУ „Стив Наумов“ | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 4 | Замена на осветление | ОУ „Стив Наумов“ | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Поставување на термостатски вентили | ОУ „Крум Тошев“ | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 6 | Поставување на термостатски вентили | ОУ „Кирил и Методиј“ | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 7 | Поставување на регулација на котел | ОУ „Кирил и Методиј“ | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 8 | Поставување на термостатски вентили | ПОУ „Кирил и Методиј“, с. Страчинци | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 9 | Замена на осветление | ПОУ „Кирил и Методиј“, с. Страчинци | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 10 | Поставување на термостатски вентили | ОУ „Дане Крапчев“ | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 11 | Замена на осветление | ОУ „Дане Крапчев“ | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 12 | Поставување на термостатски вентили | ОУ „Наум Наумовски - Борче“ | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 13 | Поставување на термостатски вентили | ОУ „25ти Мај“ | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 14 | Поставување на регулација на котел | ОУ „25ти Мај“ | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 15 | Поставување на термостатски вентили | ПОУ „25ти Мај“ с. Сингелиќ | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Замена на стари прозорци и врати | ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Сончоглед | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 17 | Замена на осветление | ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Сончоглед | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 18 | Замена на стари прозорци и врати | ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Калинка | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 19 | Замена на стари прозорци и врати | ЈУОДГ „25ти Мај“, матичен објект Сонце | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 20 | Поставување на регулација на котел | ЈУОДГ „25ти Мај“, матичен објект Сонце | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 21 | Замена на осветление | ЈУОДГ „25ти Мај“, матичен објект Сонце | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 22 | Замена на стари прозорци и врати | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Пони | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 23 | Замена на осветление | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Пони | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 24 | Поставување на термостатски вентили | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Детелинка | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 25 | Замена на осветление | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Детелинка | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 26 | Замена на стари прозорци и врати | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Синоличка | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 27 | Поставување на регулација на котел | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Синоличка | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 28 | Замена на осветление | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Синоличка | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| 29 | Замена на осветление | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Искра | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| **Административни објекти** | | | | | |
| 30 | Замена на стари прозорци и врати | ЈКП „Гази Баба 2007“ | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023 | Општина Гази Баба |
| **Јавно осветлување** | | | | | |
| 31 | Замена на натриумови светилки со ЛЕД | Јавно осветлување | јавни набавки, изработка на проектна документација, реализација | 2023-2025 | Општина Гази Баба |

# 6 СЛЕДЕЊЕ И МОНИТОРИНГ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

## 6.1 РЕДОВЕН МОНИТОРИНГ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И НАПРЕДОКОТ НА АКТИВНОСТИТЕ КАКО И ОЦЕНУВАЊЕ НА НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ

Редовниот мониторинг е клучен елемент на процесот на спроведување на Програмата за енергетска ефикасност. Мониторингот и евалуацијата (M&E) може да опфатат различни фази и аспекти од процесот на Програмата за енергетска ефикасност. Тоа обично започнува од самиот почеток и продолжува во текот на имплементацијата на програмата. Строго се препорачува мониторингот и евалуацијата (M&E) да продолжи и после временската рамка на Програмата за енергетска ефикасност, со цел како би можело ПЕЕ да создаде долгорочни влијанија врз локалната економија, енергетскиот сектор, животната средина и човековото однесување.

Важно е да се напомене дека Програмата за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за периодот 2023-2025 е усогласена со нормативите кои се содржат во националната мрежна алатка за мерење и потврда (MVP).

Со цел да се следат резултатите од спроведените мерки за енергетска ефикасност, потребно е да се вршат мерења во различни временски периоди и да се врши споредба на резултатите со пресметаните. Главни показатели кои се мерат и споредуваат се следните:

- Потрошувачка на енергија (топлинска и електрична),
- Споредба на амбиенталните услови во објектите (температурни разлики, степен на осветленост и влажност),
- Заштеда на финансиски средства кои се одвојуваат за трошоците за енергија.

Мерењата треба да се извршуваат со утврдена динамика во текот на целата година. За мерење на потрошената електрична енергија треба да се користи електрично броило за секој правен субјект во секој од објектите, со што ќе се споредува потрошената електрична енергија пред и по спроведување на мерките за енергетска ефикасност. Бидејќи најголем дел од електричната енергија во училиштата и останатите објекти се користи за осветлување на училишните простории, имплементација на поефикасно осветление директно ќе ја покаже користа од спроведување на оваа мерка.

Како мерни инструменти треба да се користат мерачи со континуиран запис на мерените параметри (дата логери).

Откако ќе се имплементираат предвидените активности во Програмата за енергетска ефикасност, добиените резултати треба да се споредат со резултатите пред интервенцијата и на тој начин да се утврди дали е постигната предвидената цел. Доколку не е постигната целта тогаш се испитува причината зошто не е постигната и се утврдуваат недостатоците во системот доколку такви постојат и истите треба да се отстранат. Во случај резултатите да се како претпоставените или подобри, тогаш се донесува заклучок дека целта е постигната.

## 6.2 ПЕРИОДИЧНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ДО ПОЛИТИЧКИТЕ ВЛАСТИ

За резултатите од активностите предвидени со Програмата за енергетска ефикасност, во писмена форма треба бидат известени:

- Градоначалникот и други одговорни лица од локалната самоуправа;
- Целокупната јавност преку печатени материјали;
- Организациите од областа на енергетска ефикасност;
- Сите вклучени страни во процесот на финансирање/спроведување на проектите за енергетска ефикасност.

Распоредот на следење на активностите за енергетска ефикасност во општината од страна на Тимот за Енергетска Ефикасност е прикажан во следната табела:

**Табела 8 Распоредот на следење на активностите за енергетска ефикасност во општината**

| Извештај | Време на доставување |
|---|---|
| Акциски годишен план за енергетска ефикасност | Годишно доставување на крајот од првото тримесечје. |
| Годишен извештај | Годишно доставување во рок од три месеци по завршување на годината. |
| Извештај за тек на проект за енергетска ефикасност | Редовен извештај секој месец за времетраење на проектот, и завршен извештај на крајот од завршување на проектот. |
| Извештаи за мониторинг на мерките за енергетска ефикасност на реализирани проекти | Тримесечно, во рок од 15 дена од завршување на конкретното тримесечје. |

**Табела 9: Информации за спроведување на програмата**

| Број | Проекти за Енергетска ефикасност | Опис | Евалуација на имплементираниот проект | Статус на Проектот во ПЕЕ |
|---|---|---|---|---|
| **Образовни и воспитни објекти** | | | | |
| 1 | Поставување на топлинска изолација на ѕидови | ОУ „Петар Петровиќ Његош“ | | |
| 2 | Поставување на термостатски вентили | ОУ „Петар Петровиќ Његош“ | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Поставување на регулација на котел | ОУ „Петар Петровиќ Његош“ | | |
| 4 | Поставување на топлинска изолација на ѕидови | ОУ „Стив Наумов“ | | |
| 5 | Поставување на топлинска изолација на таван | ОУ „Стив Наумов“ | | |
| 6 | Поставување на термостатски вентили | ОУ „Стив Наумов“ | | |
| 7 | Замена на осветление | ОУ „Стив Наумов“ | | |
| 8 | Поставување на термостатски вентили | ОУ „Крум Тошев“ | | |
| 9 | Поставување на термостатски вентили | ОУ „Кирил и Методиј“ | | |
| 10 | Поставување на регулација на котел | ОУ „Кирил и Методиј“ | | |
| 11 | Поставување на термостатски вентили | ПОУ „Кирил и Методиј“, с. Страчинци | | |
| 12 | Замена на осветление | ПОУ „Кирил и Методиј“, с. Страчинци | | |
| 13 | Поставување на топлинска изолација на таван | ОУ „Дане Крапчев“ | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14 | Поставување на термостатски вентили | ОУ „Дане Крапчев“ | | |
| 15 | Замена на осветление | ОУ „Дане Крапчев“ | | |
| 16 | Поставување на топлинска изолација на ѕидови | ОУ „Наум Наумовски - Борче“ | | |
| 17 | Поставување на топлинска изолација на таван | ОУ „Наум Наумовски - Борче“ | | |
| 18 | Поставување на термостатски вентили | ОУ „Наум Наумовски - Борче“ | | |
| 19 | Поставување на термостатски вентили | ОУ „25ти Мај“ | | |
| 20 | Поставување на регулација на котел | ОУ „25ти Мај“ | | |
| 21 | Поставување на термостатски вентили | ПОУ „25ти Мај“ с. Сингелиќ | | |
| 22 | Поставување на топлинска изолација на ѕидови | ЈУОДГ „Детска Радост“, матичен објект Мимоза | | |
| 23 | Поставување на топлинска изолација на таван | ЈУОДГ „Детска Радост“, матичен објект Мимоза | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 24 | Поставување на топлинска изолација на ѕидови | ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Темјанушка 1 и 2 | | |
| 25 | Поставување на топлинска изолација на таван | ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Темјанушка 1 и 2 | | |
| 26 | Замена на стари прозорци и врати | ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Сончоглед | | |
| 27 | Замена на осветление | ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Сончоглед | | |
| 28 | Поставување на топлинска изолација на ѕидови | ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Калинка | | |
| 29 | Замена на стари прозорци и врати | ЈУОДГ „Детска Радост“, клон Калинка | | |
| 30 | Замена на стари прозорци и врати | ЈУОДГ „25ти Мај“, матичен објект Сонце | | |
| 31 | Поставување на регулација на котел | ЈУОДГ „25ти Мај“, матичен објект Сонце | | |
| 32 | Замена на осветление | ЈУОДГ „25ти Мај“, матичен објект Сонце | | |
| 33 | Поставување на топлинска изолација на ѕидови | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Пони | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 34 | Замена на стари прозорци и врати | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Пони | | |
| 35 | Поставување на топлинска изолација на таван | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Пони | | |
| 36 | Замена на осветление | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Пони | | |
| 37 | Поставување на топлинска изолација на ѕидови | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Детелинка | | |
| 38 | Поставување на топлинска изолација на таван | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Детелинка | | |
| 39 | Поставување на термостатски вентили | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Детелинка | | |
| 40 | Замена на осветление | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Детелинка | | |
| 41 | Замена на стари прозорци и врати | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Синоличка | | |
| 42 | Поставување на топлинска изолација на таван | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Синоличка | | |
| 43 | Поставување на регулација на котел | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Синоличка | | |
| 44 | Замена на осветление | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Синоличка | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 45 | Поставување на топлинска изолација на ѕидови | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Искра | | |
| 46 | Поставување на топлинска изолација на таван | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Искра | | |
| 47 | Замена на осветление | ЈУОДГ „25ти Мај“, клон Искра | | |
| **Административни објекти** | | | | |
| 48 | Поставување на топлинска изолација на ѕидови | ЈКП „Гази Баба 2007“ | | |
| 49 | Замена на стари прозорци и врати | ЈКП „Гази Баба 2007“ | | |
| **Јавно осветлување** | | | | |
| 50 | Замена на натриумови светилки со ЛЕД | Јавно осветлување | | |

## 6.3 ПЕРИОДИЧНИ НАДГРАДБИ НА ПЕЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЗАБЕЛЕШКИТЕ И ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

Како дел од процесот на континуирано следење, имплементираните проекти можат да се оценат преку нивното влијание врз потрошувачката на енергија и намалување на емисиите на $CO_2$. Врз основа на резултатите и набљудуваните проблеми, доколку воопшто има некој, може да се превземат дополнителни корективни и превентивни мерки и активности.

Резултатите од мониторинг и евалуација (M&E) може да доведат до промена и надградба на Програмата за енергетска ефикасност. Ажурираната ПЕЕ ќе послужи како основа за развој на Акциониот план за наредната година.

ECONOLER

160, Saint-Paul St., no 200, Quebec city (Quebec), Canada G1K 3W1 Tel.: +1 418 692-2592 Fax: +1 418 692-4899
www.econoler.com

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА ЗА ХРАНА, УГОСТИТЕЛСТВО, ТУРИЗАМ И КУЛТУРА "ВКУСОВИТЕ НА ГАЗИ БАБА"**

1. Се објавува Правилникот за финансиска поддршка за организација на манифестацијата за храна, угостителство, туризам и култура "Вкусовите на Гази Баба", што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 22 мај 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4361/11**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), во согласност со Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и шесттата седница одржана на 22 мај 2023 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА ЗА ХРАНА, УГОСТИТЕЛСТВО, ТУРИЗАМ И КУЛТУРА "ВКУСОВИТЕ НА ГАЗИ БАБА"

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овој правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за доделување на финансиските средства од Буџетот на Општина Гази Баба утврдени во Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба, за организација на манифестација за храна, угостителство, туризам и храна "Вкусовите на Гази Баба". Организацијата на манифестацијата ќе се имплементира преку избор на најдобрата понуда на соодветниот апликант.

(2) Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба согласно овој правилник имаат сите сите здруженија на граѓани, фондации, установи, трговски друштва и маркетинг агенции кои се регистрирани во Централен Регистар на РС Македонија со седиште во Град Скопје и кои ги исполнуваат условите од овој правилник.

**Член 2**

(1) Финансиските средства од член 1 на овој правилник се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба, Програма за локален економски развој, во износ од 300.000,00 денари.

(2) Средствата се однесуваат за 2023 година. Користењето на доделените средства ќе биде регулирано согласно потпишан договор со Општина Гази Баба.

## НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 3**

(1) За реализирање на средствата одчлен 1 од овој правилник, Општина Гази Баба објавува јавен повик за организација на манифестација за храна, угостителство, туризам и храна "Вкусовите на Гази Баба".

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Гази Баба и во еден печатен медиум.

(3) Јавниот повик ќе трае до 15 Јуни 2023 година, додека средствата предвидени за оваа намена со Буџетот на Општина Гази Баба, може да се реализираат најдоцна до 31 октомври 2023 година.

(4) При спроведување на постапката, согласно динамиката јавноста ќе биде континуирано известувана на веб страната на Општина Гази Баба.

## ПОСТАПКА, НАЧИН И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 4**

(1) Цели на јавниот повик за организација на манифестација за храна, угостителство, туризам и храна "Вкусовите на Гази Баба" се:

- развој и промоција на туризмот, угостителството и гастрономијата од интерес на општина Гази Баба;
- поттикнување на туристичкиот раст и промоција на Општина Гази Баба како атрактивна дестинација;
- развој и промоција на туризмот во Општина Гази Баба преку организирање на манифестации и настани со разновидна содржина збогатена со квалитетна музичка програма;

(2) Потребна документација која апликантот треба да ја достави кон пријавата:

a. Покрај пријавата која што треба да биде пополнета (дигитално со печатни букви на кирилично писмо), потпишана од надлежното лице и заверена со печат на здружението, фондацијата, трговското друштво, установата или маркетинг агенцијата апликантот задолжително треба да ги достави следниве прилози:;
   - ✓ Тековна состојба од Централен Регистар или решение за регистрација на здружение или фондација;
   - ✓ Потпишана изјава за подмирени обврски кон Општина Гази Баба (данок, комунална такса);
   - ✓ Потврда дека нема забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство (централен регистар);
   - ✓ Дигитално пополнет предлог проект со печатни букви на кирилично писмо;
   - ✓ Професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот;
   - ✓ Референтна листа;
   - ✓ Најмалку две мислења/референци од партнери или донатори за реализација на претходни проекти и
   - ✓ Писмена поддршка и преддоговор од други организации или институции за кои е планирано да земат учество во реализацијата на проектот.

(3) Услови за организација на манифестацијата:

a. Учесниците да имаат обезбеден соодветен сертификат за приготвување и продажба на храна на отворено;
b. Искуство во организација и координација на фестивали од отворен карактер, најмалку пет години (доказ склучени договори и слично);
c. Подносителот на пријавата да обезбеди банкарска гаранција во висина од 20% од износот;
d. Време на одржување ќе биде еден цел ден во периодот септември - октомври 2023 година (во консултација со Општина Гази Баба);
e. Локација: Атрактивни локации во Општина Гази Баба (плоштад Автокоманда или плоштад Коцка во Автокоманда, или во договор со Општина Гази Баба);
f. Инфраструктура: (во договор со Општина Гази Баба ):
   i. електрична инсталација,
   ii. соодветно озвучување и осветлување според локацијата и објектите,
   iii. обезбедено одржување на хигиена во соработка со ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје и ЈП "Комунална хигиена" - Скопје,

iv. соодветен број на подвижни тоалети (тои-фори) според бројот на очекуваните гости;
v. обезбедување на соодветна активна анимација на фестивалот по програмата на фестивалот (краток нацрт на проект со идеи),
vi. поседување на соодветна опрема за логистика на фестивалот,
**vii. Напомена: Соодветната музичка опрема за исполнување на музичката програма на фестивалот, како и бината каде ќе биде презентирани музичката програма ќе биде обезбедена од страна на Општина Гази Баба;**
viii. Останати инфраструктурни елементи кои ќе бидат предложени од страна на реализаторот и излагачите;
ix. Обезбедување (во договор со Општина Гази Баба и МВР);
x. Ангажирање на агенција за одржување на јавниот ред во општина Гази Баба;
xi. Медиумска покриеност на манифестацијата, како од електронските, така и од пишаните медиуми (една недела пред настанот, огласи и спотови да се пуштаат од најмалку 2 (две) ТВ куќи и 2 (две) радио станици, како и информации во дневните весници) и обезбеди соодветно претставување на манифестацијата во соработка со соодветна маркетинг куќа;
xii. Обезбедување на соодветен нацрт-графички предлог за пропагандниот материјал на фестивалот (плакат, флаер, брошура, плакета, благодарница);
xiii. Водење на посебна евиденција на документи на приходите и трошоците околу организацијата на манифестацијата која по завршувањето на манифестацијата ќе биде предадена на Општина Гази Баба;

g. **Содржини**:
i. Да понуди листа за соработка со учесниците на манифестацијата и да склучи договор со сите учесници;
ii. Манифестацијата да биде дестинација за презентација на разновидни гурмански специјалитети од странски и домашни кујни придружено со обилно количество на пиво обезбедено од најголемите домашни пиварници, континуирана забава со музика, продажба на ракотворби, уметнички креации (понуди соработка занаетчии-ракотворци) и забавни настапи
iii. Да организира master chef подготовка на три автентични кулинарски специјалитети со реномирани шефови на кујната;
iv. Покана до останати презентери на кулинарството (ресторани, пицерии, гостилници, кафеани и сл.);
v. Покана за учество на реномирани музичари и бендови;
vi. Расчистување на локацијата и враќање во состојбата како пред нејзината употреба во соработка со ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје и ЈП "Комунална хигиена" - Скопје;
vii. Манифестацијата да биде дестинација за презентација на разновидни гурмански специјалитети од странски и домашни кујни

**h. Натпревари во:**
i. *најдобро уреден штанд или куќичка;
ii. *најдобар специјалитет на манифестацијата;
iii. *најпродавано и највкусно пиво на манифестацијата;

(4) Вкупниот буџет за оваа финансиска поддршка изнесува 300.000,00 (тристотини илјади) денари.

- Општина Гази Баба со претставникот на најдобрата понуда ќе склучи Договор за организација на манифестација за храна, угостителство, туризам и храна ''Вкусовите на Гази Баба'';
- Средствата ќе бидат исплатени по потпишување на договорот, и тоа 50% по потпишување на договорот и 50% по организацијата на манифестацијата ''Вкусовите на Гази Баба'';
- Општината го задржува правото да не ги исплати сите финансиски средства доколку не се исполнети условите за доделување на финансиски средства согласно овој правилник.

**Член 5**

(1) За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од член 1 и член 4 на овој правилник, Градоначалникот на Општина Гази Баба формира комисија од 3 (три) члена.

(2) Комисијата од став 1 на овој член е составена од претседател - претставник од секторот за ЛЕР и европски интеграции, член претставник од секторот за ЛЕР и европски интеграции на Општина Гази Баба и член претставник од секторот за финансиски прашања во Општина Гази Баба.

(3) Комисијата за евалуација ќе ја донесе својата одлука во рок од 10 (десет) дена после крајниот рок за аплицирање.

**Член 6**

(1) Комисијата има право и должност да ги провери податоците на секој апликант, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица, како и да бара друга дополнителна документација.За својата работа комисијата составува записник.

(2) За носител на договорот по јавен повик ќе биде избрана онаа пријава која што ќе биде оценета како најповолна од збирот на бодовите за секој елемент посебно согласно следните критериуми:

| КРИТЕРИУМИ | МАКСИМУМ БОДОВИ |
|---|---|
| **1. Организациска структура и ресурси на организацијата** | **30** |
| 1.1 Искуство на апликантот во спроведување и реализирање на настани | 10 |
| 1.2 Професионална биографија на лицата кои ќе учествуваат во организација на настанот | 10 |
| 1.3 Видливост на апликантот (организацијата, здружението, агенцијата ) online | 10 |
| **2. Оценка за Буџетот на апликантот** | **30** |
| 2.1 Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на настанот | 10 |
| 2.2 Оправданост на трошоците во предложениот финансиски план (реален буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоци по позиции и колку тие соодветствуваат со пазарните цени) | 10 |
| 2.3 Обезбедени дополнителни средства од сопствени или други извори | 10 |
| **3. Квалитет на проектот** | **40** |
| 3.1 Детално разработени активности за настанот, уредно пополнета пријава со барани документи согласно јавниот повик | 10 |
| 3.2 Понудени квалитетни и иновативни активности за реализација на настанот, впечатливост, оргиналност на идејата | 10 |
| 3.3 Обезбедена институционална поддршка, учесници на настанот (број на музичари, пивари, ресторани и сл) | 10 |
| 3.4 Маркетинг план на настанот ( рекламирање и промоција на настанот, промотивни материјали, социјални медиуми, тв и радио програми и сл) | 10 |
| **Критериум и максимум бодови** | **100** |

Секоја област од посебните критериуми ќе се вреднува со 1 бод, 5 бода или 10 бодови, со следното значење: 1-не, 5-делумно и 10-да.

***Напомена:**

- ✓ Да се достават биографии на организаторите на проектот;
- ✓ Во поднесениот предлог проект да се достави список на учесници кои ќе учествуваат на манифестацијата;
- ✓ Да се достави потпишана согласност за пријава на интерес за учество на настанот, за секој домашен производтел на пиво и угостителски објект посебно;
- ✓ Да се наведе искуството на апликантот за организирање на настани (при оценување во предвид ќе се земе организација на настани од сличен тип во поглед на масовност на настанот, времетраење и сл.);
- ✓ Во доставениот предлог проект да се достави забавна програма (музички имиња и сл.).

**Член 7**

(1) Апликацијата со потребната документација апликантите ја поднесуваат во затворен плик преку архивата на Општина Гази Баба до комисијата за спроведување на постапката од член 5 став 1 од овој правилник.

(2) Апликантите бараната документација треба да ја достави на следниот начин:

- Бараните документи треба да се пополнети на македонски јазик и достават во печатена форма, и електронска форма на CD во PDF формат, до архива на општина Гази Баба, ул.Архимедова бр.2, најдоцна до 16 часот на 15.06.2023 година;
- Електронската верзија на докуметацијата треба да се достави и на следната e-mail адреса: contact@gazibaba.gov.mk .

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4194/13**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА
ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА АДАПТАЦИЈА
НА АВТЕНТИЧНИ КУЌИ СО МАЛИ КАПАЦИТЕТИ
НА СМЕСТУВАЊЕ И УГОСТИТЕЛСКИ УСЛУГИ ВО
СЕЛСКИ ДОМАЌИНСТВА НА СЕМЕЈНА ФАРМА**

1. Се објавува Правилникот за финансиска поддршка за адаптација на автентични куќи со мали капацитети на сместување и угостителски услуги во селски домаќинства на семејна фарма, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 22 мај 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-4361/12**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), Законот за угостителската дејност ("Службен весник на РМ" бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и "Службен весник на РСМ" бр.31/20), Правилникот за начинот и поблиските критериуми за добивање ознака во селско домаќинство во руралните средини, како и формата и содржината на образецот на ознаката ("Службен весник на РМ" бр.169/14), Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност ("Службен весник на РМ" бр.16/06, 87/12 и 41/13), Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и шесттата седница одржана на 22 мај 2023 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К

## ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА АДАПТАЦИЈА НА АВТЕНТИЧНИ КУЌИ СО МАЛИ КАПАЦИТЕТИ НА СМЕСТУВАЊЕ И УГОСТИТЕЛСКИ УСЛУГИ ВО СЕЛСКИ ДОМАЌИНСТВА НА СЕМЕЈНА ФАРМА

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овој правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за користење на финансиските средства утврдени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, со намена за надоместување на дел од трошоците направени при адаптација на автентични куќи со мали капацитети на сместување и угостителски услуги во селски домаќинства на семејна фарма, на подрачјето на Општина Гази Баба.

(2) Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба согласно овој правилник имаат рурални домаќинства со ознака на селски домаќинства согласно Правилникот за начинот и поблиските критериуми за добивање ознака во селско домаќинство во руралните средини, како и формата и содржината на образецот на ознаката ("Службен весник на РМ" бр.169/14), на подрачјето на Општина Гази Баба, кои ги исполнуваат условите од овој правилник и ја доставиле потребната документација.

**Член 2**

(1) Финансиските средства од член 1 на овој правилник се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, Програма за локален економски развој, во износ од 500.000,00 денари.

(2) Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат до нивно целосно искористување.

(3) Данокот на доход за физички лица го исплатува Општина Гази Баба.

**Член 3**

Финансиските средства од член 1 на овој правилник, ќе се користат за делумен надомест на средствата на селските домаќинства, искористени за адаптација на автентични куќи со мали капацитети на сместување и угостителски услуги во селски домаќинства на семејна фарма, во износ од 50% од вредноста, но не повеќе од 250.000 денари.

## НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 4**

(1) За реализирање на средствата од член 1 од овој правилник, општината објавува јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Гази Баба и во 1(еден) печатен медиум.

(3) Јавниот повик ќе трае до 15.10.2023 година, односно до реализирање на финансиските средства за оваа намена, со достава на пријавите преку пошта или директно до писарница на Општина Гази Баба, на адреса Архимедова 2, 1000 Скопје.

(4) При спроведување на постапката, согласно динамиката, јавноста ќе биде континуирано известувана за степенот на искористување на предвидените средства, односно за износот на преостанати средства на веб страната на Општина Гази Баба.

## ПОСТАПКА, НАЧИН И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 5**

(1) За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од членот 1 на овој правилник, Градоначалникот на Општина Гази Баба формира комисија од 3 (три) члена и 1 (еден) технички секретар.

(2) Комисијата од став 1 на овој член е составена од претседател, 2 (два) члена и 1 (еден) технички секретар од редот на вработените во општинската администрација.

**Член 6**

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација. За својата работа комисијата составува записник.

**Член 7**

(1) Апликацијата за надоместување на трошоците направени при адаптација на автентични куќи со мали капацитети на сместување и угостителски услуги во селски домаќинства на семејна фарма, селските домаќинства го поднесуваат заедно со потребната документација, во затворен плик преку писарница на Општина Гази Баба до комисијата за спроведување на постапката од член 5 став 1 од овој правилник.

(2) Општина Гази Баба примените барања ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат и прифаќаат барањата.

(3) Кон барањето подносителот - селско домаќинство на семејна фарма, е должен да ја поднесе следната документација:

- Пополнета апликација - Образец, потпишана од сопственикот на селското домаќинство;
- Решение од тековна Состојба од Централен Регистар на РС Македонија не постара од два месеци од објавата на јавниот повик;
- Решение за категоризација на објектот од Град Скопје согласно Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 4 - Категоризација на куќи, станови и соби за издавање;

- Решение за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од општина Гази Баба согласно Законот за угостителската дејност;
- Ознака за селско домаќинство (доколку го поседува) согласно Правилник за начинот и поблиските критериуми за добивање ознака во селско домаќинство во руралните средини, како и формата и содржината на образецот на ознаката;
- Изјава за старост на објектот предмет на адаптација, заверена од страна на нотар;
- Изјава за кофинансирање со сопствени средства за адаптација на објектот од страна на сопственикот на објектот, заверена на нотар;
- Имотен лист не постар од 2 месеци на сопственикот на селското домаќинство за просторот предмет на адаптација;
- Проектна документација за адаптација (доколку е изработена при аплицирање). Доколку не е изработена, да се достави најдоцна до крајниот рок за аплицирање;
- Решение за адаптација добиено од секторот за урбанизам на Општина Гази Баба;
- Понуди од три економски оператори за адаптација на просторот (доколку се има проектна документација при аплицирање). Доколку се нема, да се достави најдоцна до крајниот рок за аплицирање;
- Копија од жиро сметката или трансакциска сметка на сопственикот на селското домаќинство на семејна фарма;
- Изјава заверена на нотар од подносителот на барањето дека нема користено финансиски средства за било која намена од Буџетот на Општина Гази Баба во периодот пред објава на јавниот повик;

(4) Критериуми и услови за учество на заедница на сопственици на станови или управители на станбена зграда на јавниот повик кои треба целосно да бидат исполнети, се следните:

- Објектот предмет за адаптација да биде постар од 10 години;
- Објектот да е со адреса на територијата на Општина Гази Баба;
- Решение за категоризација на објектот;
- Изјава за кофинансирање заверена на нотар;
- Имотен лист не постар од два месеци со кој се докажува сопственоста на објектот.

(5) При теренска проверка од страна на комисијата од член 5 став 1 на овој правилник, што задолжително ќе се спроведе кај сите баратели кои ќе ги задоволат условите на првичната проверка. Барателот треба да овозможи пристап до објектот предмет на адаптација.

**Член 8**

Комисијата ќе работи согласно принципот **"прв дојден прв услужен"**.

**Член 9**

(1) Врз основа на доставената документација и спроведената постапка од страна на комисијата, а согласно условите и критериумите од членовите 7 и 8 од овој правилник, Градоначалникот на Општина Гази Баба носи решение доколку барањето се усвојува, а во случај на неусвојување на барањето, барателот писмено се известува за неусвојувањето, со образложение на причините.

(2) Подносителот на барањето е должен по приемот на решението со кое се усвојува барањето, да склучи договор со економски оператор и за тоа да ја извести комисијата од член 5 став 1 од овој правилник.

(3) Доколку согласно ставот 1 од овој член подносителот на барањето не постапи согласно став 2 од овој член, решението ќе се поништи.

**Член 10**

Општина Гази Баба, финансиските средства од член 1 од овој правилник ќе ги исплати на жиро сметката односно трансакциска сметка која е приложена кон барањето, веднаш по адаптација на објектот предмет на барањето.

**Член 11**

Општина Гази Баба преку комисијата од член 5 став 1 од овој правилник, ќе води евиденција на сите доставени барања, согласно овој правилник и сите донесени решенија од Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 12**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4194/14**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ УСОГЛАСИ НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КОЕ Е ИЗГРАДЕН БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-903 ЗА КП 1293 КО ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-903 за КП 1293 КО Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 22 мај 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4361/13**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и "Службен весник на РСМ" бр.174/21), член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и шесттата седница одржана на 22 мај 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ УСОГЛАСИ НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КОЕ Е ИЗГРАДЕН БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-903 ЗА КП 1293 КО ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење УП1 бр.28-903 од 22.03.2011 година од страна на лицето **Ѓорѓија Ацевски** од Скопје, а се однесува на бесправниот објект зграда бр.1 со намена семејна куќа, која се наоѓа на КП 1293 КО Гази Баба, ул."810 " бр.9А, Скопје, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект со намената на бесправниот објект, заради вклопување на бесправно изградениот објект, согласно член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

**Член 2**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба, заради усогласување на намената на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект со намената на бесправниот објект, заради вклопување на бесправно изградениот објект во урбанистичко- планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4194/15**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2023 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 22 мај 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4361/14**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и шесттата седница одржана на 22 мај 2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Во Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22), во точка "IV.Ф.А Подпрограма за уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)" потточка 5.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште, раздел 5.2 Планирани трошоци за реализација на подпрограмата Ф.А расходи за 2023 година, табеларниот преглед се менува и гласи:

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1<br>2 | 5.2 ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА Ф.А. РАСХОДИ ЗА 2023 ГОДИНА | | | | | | | | | | | | | | |
| 3<br>4 | Категорија | Ставка | Основна ставка | Подставка | Оддел | | Видови на расходи | БУЏЕТ НА ОГБ ФА | РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ | БУЏЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ | БУЏЕТ НА РМ | ДОНАЦИЈА | СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ |
| | | | | | | | | извори на финасирање во МКД | | | | | | | |
| 5 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 6 | | | | | | | ВКУПНИ РАСХОДИ | | | | | | | | |
| 7<br>8<br>9 | 48 | | | | | | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 301.240.000,00 | Вкупно останати расходи 125.628.000,00 | | | | | | |
| 10 | | 481 | | | | | Градежни објекти | | | | | | | | |
| 11 | | | 4812 | | | | | | | | | | | | |
| 12 | | | | 4812 10 | | | Подготовка на објекти за деловни објекти | | | | | | | | |
| 13 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 14 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 15 | | 482 | | | | | ИЗГРАДБА, РЕВИТАЛИЗАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ПРОЕКТИРАЊЕ НА ОБЈЕКТИ | 286.240.000,00 | 62.228.000,00 | 6.800.000,00 | 3.600.000,00 | 53.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 16 | | | 4821 | | | | Улици, патишта, тротоари, пешачки и велосипедски патеки и слично | 138.480.000,00 | 62.228.000,00 | 6.800.000,00 | 3.600.000,00 | 53.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 17 | | | | 4821 10 | | | Изработка на проекти и ревизија | 5.350.000,00 | | | | | | | |
| 18 | | | | | 1 | | Изработка на проектна техничка документација за улици, паркинзи, пешачки патеки, велосипедски патеки, катни гаражи и слично | 5.350.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 19 | | | | | | 1 | Изработка на проектна техничка документација за улици, паркинзи, пешачки патеки, велосипедски патеки, катни гаражи и слично (плаќања) | 2.550.000,00 | | | | | | | |
| 20 | | | | | | 2 | Изработка на проектна техничка документација за улици, паркинзи, пешачки патеки, велосипедски патеки, катни гаражи и слично | 2.800.000,00 | | | | | | | |
| 21 | | | | 4821 20 | | | Изградба на улици, патишта, паркинг простори, тротоари,пешачки и велосипедски патеки и слично. | 42.300.000,00 | | | | | | | |
| 22 | | | | | 1 | | Изградба на улици и патишта на територија на Општина Гази Баба | 23.800.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 23 | | | | | | 1 | Изградба на улици и патишта на територија на Општина Гази Баба (новопроектирана 7.2) | 17.000.000,00 | | | | | | | |
| 24 | | | | | | 1,1 | Изградба на потпорен ѕид за новопроектирана улица 7.2 од ДУП за ГЧ ЦС11, Блок 07 | 3.000.000,00 | | | | | | | |
| 25 | | | | | | 2 | Изградба на Новопроектирана ул.1, кај амбулантата во Автокоманда | 3.800.000,00 | | | | | | | |
| 26 | | | | | 2 | | Изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура | 8.500.000,00 | 62.228.000,00 | 0,00 | 0,00 | 53.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 27 | | | | | | 1 | Изградба на сервисни улици со комплетна инфраструктура во комплекс ИСТ ГЕЈТ прва фаза во 2 години | 0,00 | 42.228.000,00 | | | | | | |
| 28 | | | | | | 2 | Изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во Хиподром 2 | 0,00 | 20.000.000,00 | | | 53.000.000,00 | | | |
| 29 | | | | | | 3 | Изградба на сообраќајна инфраструктура- сливници во Хиподром 2 | 3.500.000,00 | | | | | | | |
| 30 | | | | | | 4 | Изградба на инфраструктура по договори со инвеститори | 5.000.000,00 | | | | | | | |

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31 | | | | | 3 | | Изградба на паркинг простори, тротоари, пешачки патеки, велосипетски патеки, плоштади, скверови и сл. на територија на Општина Гази Баба | 10.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 32 | | | | | | 1 | Изградба, санација на паркинг простори, тротоари, пешачки патеки, велосипетски патеки, плоштади, скверови и сл. на територија на Општина Гази Баба (плаќања) | 8.000.000,00 | | | | | | | |
| 33 | | | | | | 2 | Изградба, санација на паркинг простори тротоари, пешачки патеки, велосипетски патеки, плоштади, скверови и сл. на територија на Општина Гази Баба . | 2.000.000,00 | | | | | | | |
| 34 | | | | **4821 30** | | | **Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на улици, патишта, паркинг просотри, пешачки и велосипедски патеки, плоштади и слично** | **90.830.000,00** | | | | | | | |
| 35 | | | | | 1 | | Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на улици и патишта на територија на Општина Гази Баба | 80.330.000,00 | 0,00 | 6.800.000,00 | 3.600.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 36 | | | | | | 1 | Ревитализација и рехабилитација на улици, патишта, паркинзи и слично (плаќања) | 17.000.000,00 | | | | | | | |
| 37 | | | | | | 2 | Ревитализација и рехабилитација на улици, патишта, паркинзи и слично II фаза | 56.000.000,00 | | | | | | | |
| 38 | | | | | | 3 | Ревитализација и рехабилитација на улици на премини преку железнички пруги | 1.800.000,00 | | | 3.600.000,00 | | | | |
| 39 | | | | | | 4 | Одржување и санација на улици со надградба и крпење на ударни дупки на територија на општина Гази Баба | 4.430.000,00 | | | | | | | |
| 40 | | | | | | 5 | Хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација (билборди, сообраќајни знаци, улични препреки, бележење на улици и др.) | 600.000,00 | | | | | | | |
| 41 | | | | | | 6 | Реконструкција на ул. Христофер Жефаровиќ-меѓуопштинска соработка со Град Скопје | 500.000,00 | | 6.800.000,00 | | | | | |
| 42 | | | | | 2 | | Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на паркинг простори пешачки и велосипедски патеки, плоштади и слично на територија на Општина Гази Баба | 3.500.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 43 | | | | | | 1 | Реконструкција на паркинг простор на ул. Л.П. Трајков | 3.500.000,00 | | | | | | | |
| 44 | | | | | 3 | | Зимско одржување на улици за 2 години (прераспределба) | 7.000.000,00 | | | | | | | |
| 45 | | | **4823** | | | | **Пречистителни станици и канализациони системи** | 44.054.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 46 | | | | **4823 10** | | | **Проектирање** | **5.654.000,00** | | | | | | | |
| 47 | | | | | 1 | | Изработка на проектна документација за канализациони и атмосферски системи и пречистителни и препумпни станици и слично | 5.654.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 48 | | | | | | 1 | Изработка на проектна документација за канализациони и атмосферски системи и пречистителни и препумпни станици и слично (плаќања) | 2.654.000,00 | | | | | | | |
| 49 | | | | | | 2 | Изработка на проектна документација за канализациони и атмосферски системи и пречистителни и препумпни станици и слично | 3.000.000,00 | | | | | | | |
| 50 | | | | **4823 20** | | | **Изградба на канализациони системи** | **26.500.000,00** | | | | | | | |
| 51 | | | | | 1 | | Изградба на фекални канализациони системи на територија на општина Гази баба | 16.500.000,00 | 20.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 52 | | | | | | 1 | Изградба на фекална канализација во н.м.Трубарево и Чукур Маало четврта фаза (плаќања) | 7.000.000,00 | | | | | | | |
| 53 | | | | | | 2 | Изградба на фекална канализација во н.м.Црешево III фаза | | 20.000.000,00 | | | | | | |
| 54 | | | | | | 3 | Изградба на секундарна фекална канализација во н.м.Смилковци II фаза (плаќања) | 9.500.000,00 | | | | | | | |
| 55 | | | | | 2 | | Изградба на атмосферски канализациони системи | 10.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 56 | | | | | | 1 | Изградба на атмосферска канализација на ул. Јордан Поп Јорданов | 10.000.000,00 | | | | | | | |
| 57 | | | | **4823 30** | | | **Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на канализациона мрежа** | **11.900.000,00** | | | | | | | |
| 58 | | | | | 1 | | Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на канализациони мрежи на територија на Општина Гази Баба | 7.900.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 59 | | | | | | 1 | Ревитализација и реконструкција на фекална канлизација за дел од ул. Модест Мусоргски | 270.000,00 | | | | | | | |
| 60 | | | | | | 2 | Ревитализација и рехабилитација на канализациони и атмосферски системи (плаќања) | 4.000.000,00 | | | | | | | |
| 61 | | | | | | 3 | Ревитализација и рехабилитација на канализациони и атмосферски системи | 3.630.000,00 | | | | | | | |
| 62 | | | | | 2 | | Уредување, ревитализација и рехабилитација на каналски системи | 4.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 63 | | | | | | 1 | Реконструкција на отворен канал за атмосферски води на ул.6 „Антон Велковски" прва фаза | 4.000.000,00 | | | | | | | |
| 64 | | | **4827** | | | | **Капацитети за водоснабдување** | **10.800.000,00** | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 65 | | | | **4827 10** | | | **Проектирање на водоводна мрежа** | **2.300.000,00** | | | | | | | |
| 66 | | | | | 1 | | Проектирање на водоводна мрежа | 2.300.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 67 | | | | | | 1 | Изработка на техничка документација за водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично) (плаќања) | 1.300.000,00 | | | | | | | |
| 68 | | | | | | 2 | Изработка на техничка документација за водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично) | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| 69 | | | | **4827 20** | | | **Изградба на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично)** | **2.500.000,00** | | | | | | | |
| 70 | | | | | 1 | | Изградба на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично) | 2.500.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 71 | | | | | | 1 | Изградба на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично)(плаќања) | 2.500.000,00 | | | | | | | |
| 72 | | | | **4827 30** | | | **Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично)** | **6.000.000,00** | | | | | | | |
| 73 | | | | | 1 | | Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично) | 6.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 74 | | | | | | 1 | Ревитализација на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично) | 4.000.000,00 | | | | | | | |
| 75 | | | | | | 2 | Реконструкција и ревитализација на каптажите „Дрезга", Страчинци | 2.000.000,00 | | | | | | | |
| 76 | | | **4829** | | | | **Изработка на проекти и изградба на други објекти** | **92.906.000,00** | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 77 | | | | 4829 | | | **Проекти** | **11.032.000,00** | | | | | | | |
| 78 | | | | | 1 | | Изработка на проектна техничка документација за други објекти (училишта, градинки, доградби и надградби, спортски сали, игралишта, огради, паркинг простори, плоштади и слично) на територијата на Општина Гази Баба | 11.032.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 79 | | | | | | 1 | Изработка на техничка документација на други објекти (детски градинки, училишни сали, спортски центри и сл.) на територија на Општина Гази Баба (плаќања) | 3.032.000,00 | | | | | | | |
| 80 | | | | | | 2 | Изработка на техничка документација на други објекти (детски градинки, училишни сали, спортски центри и сл.) на територија на Општина Гази Баба | 3.000.000,00 | | | | | | | |
| 81 | | | | | | 3 | Елаборати за геомеханички истражувања | 1.500.000,00 | | | | | | | |
| 82 | | | | | | 4 | Студија зафаќање на вода од Раштанска река за можности енергетско искористување | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| 83 | | | | | | 5 | Изработка на сообраќаен проект за нас. Автокоманда | 800.000,00 | | | | | | | |
| 84 | | | | | | 6 | Ревизија на проекти | 1.700.000,00 | | | | | | | |
| 85 | | | | 4829 20 | | | **Изградба на други објекти** | **62.434.000,00** | | | | | | | |
| 86 | | | | | 1 | | Изградба на објекти на општината (училишта, градинки, доградби и надградби,спортски сали, игралишта, оградување, паркинг простори и слично) на територијата на Општина Гази Баба | 47.134.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 87 | | | | | | 1 | Изградба на фискултурна сала во н.м.Стајковци- втора фаза плаќања | 1.450.000,00 | | | | | | | |
| 88 | | | | | | 2 | Детска градинка- дневен центар за деца со телесна и ментална попреченост- втора фаза | 6.200.000,00 | | | | 6.150.000,00 | | | |
| 89 | | | | | | 3 | Изградба на фискултурна сала н.м.Булачани | 15.100.000,00 | | | | | | | |
| 90 | | | | | | 4 | Изградба на ограда на ООУ Н. Охридски н.м Раштак | 3.200.000,00 | | | | | | | |
| 91 | | | | | | 5 | Изградба на отворени спортски игралишта во ООУ Вера Јоциќ | 7.000.000,00 | | | | | | | |
| 92 | | | | | | 6 | Изградба на детска градинка во н.м. Трубарево | 12.000.000,00 | | | | | | | |
| 93 | | | | | | 7 | Изградба на потпорен ѕид во н.м Смилковци | 1.500.000,00 | | | | | | | |
| 94 | | | | | | 8 | Изградба на ограда на гробишта во н.м Брњарци | 500.000,00 | | | | | | | |
| 95 | | | | | | 9 | Изградба на споменици, спомен обележја и скулптури | 184.000,00 | | | | | | | |
| 96 | | | | | 2 | | Изградба на детски и спортски игралишта, фитнес зони, урбана опрема и слично на територија на општина Гази Баба | 10.700.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 97 | | | | | | 1 | Изградба на фитнес зони и поставување на урбана опрема на територија на ОГБ (плаќања) | 2.200.000,00 | | | | | | | |
| 98 | | | | | | 2 | Изградба на фитнес зони и поставување на урбана опрема на територија на ОГБ | 1.500.000,00 | | | | | | | |
| 99 | | | | | | 3 | Изградба на детско-забавни игралишта и поставување на урбана опрема и спортски игралишта на територија на ОГБ (плаќања) | 7.000.000,00 | | | | | | | |
| 100 | | | | | 3 | | Вршење на стручен надзор над изведбата на територија на Општина Гази Баба | 4.600.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 101 | | | | | | 1 | Вршење на стручен надзор над изградба и ревитализација на објекти од патна и хидротехничка инфраструктура, објекти од високоградбата, спортски детски игралишта, градежно занаетчиски работи и сл. | 4.000.000,00 | | | | | | | |
| 102 | | | | | | 2 | Вршење на стручен надзор над изградба на детски градинки | 600.000,00 | | | | | | | |

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 103 | | | | **4829 30** | | | **Реконструкција / Ревитализација на други објекти** | **19.440.000,00** | | | | | | | |
| 104 | | | | | 1 | Реконструкција на објекти на општината (училишта, градинки, спортски сали, игралишта, огради, паркинг простори, градежно занаетчиски работи и слично) на територијата на Општина Гази Баба | | 7.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 105 | | | | | | 1 | Реконструкција на објект за вонnаставни активности во ООУ Вера Јоциќ | 5.000.000,00 | | | | | | | |
| 106 | | | | | | 2 | Изведба на градежно-занаетчиски работи за подобрување на условите во објекти сопственост на ОГБ (месни заедници, училишта, градинки и други објекти) | 2.000.000,00 | | | | | | | |
| 107 | | | | | 2 | Ревитализација на детски и спортски игралишта, фитнес зони, урбана опрема, градежно занаетчиски работи и слично | | 12.440.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 108 | | | | | | 1 | Ревитализација на детски забавни паркчиња, мини спортски игралишта и јавни површини (плаќања) | 1.440.000,00 | | | | | | | |
| 109 | | | | | | 2 | Ревитализација и промена на спортски игралишта со вештачка трева | 3.000.000,00 | | | | | | | |
| 110 | | | | | | 3 | Ревитализација на игралишта со тартан подлога | 8.000.000,00 | | | | | | | |
| 111<br>112 | | **485** | | | **Не материјални трошоци откуп на земјиште** | | | **15.000.000,00** | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 113 | | | **4854** | | **Не материјални трошоци откуп на земјиште** | | | **15.000.000,00** | | | | | | | |
| 114 | | | | 4854 10 | 1 | | Откуп на земјиште (експропријација) | 10.000.000,00 | | | | | | | |
| 115 | | | | 4854 20 | 2 | | Надомест -обештетување на лица или правни субјекти за имот и ограничување на правото на сопственост при реализација на објекти од комунална и патна инфраструктура | 5.000.000,00 | | | | | | | |

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-4194/16**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Заклучокот за прифаќање на иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба за отпочнување на постапка за изменување на Статутот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 22 мај 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-4361/15**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 108 став (2) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14 и 4/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба за отпочнување на постапка за изменување на Статутот на Општина Гази Баба, бр.08-4319/1 од 22.05 2023 година, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и шесттата седница одржана на 22 мај 2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1.Советот на Општина Гази Баба ја прифаќа Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба за отпичнување на постапка за изменување на Статутот на Општина Гази Баба, бр.08-4319/1 од 22.05 2023 година.

2.Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба по донесување на овој заклучок да пристапи кон изготвување на Предлог-Статутарна одлука за изменување на Статутот на Општина Гази Баба и истата да ја достави на разгледување и одлучување до Советот на Општина Гази Баба.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-4194/17**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИК ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ДЕЈСТВИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОПИС НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за овластување на службеник за превземање на дејствија за спроведување на пропис на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 22 мај 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4361/16**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13) а во врска со член 21 од Одлуката за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност - општински обврзници од прва емисија (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.7/23), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и шесттата седница одржана на 22 мај 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИК ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ДЕЈСТВИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОПИС НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Со оваа одлука се овластува Секретарот на Општина Гази Баба да ги превземе сите неопходни дејствија (со потпис и печат) пред надлежните органи / институции за спроведување на Одлуката за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност - општински обврзници од прва емисија (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.7/23).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-4194/18**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ЗАКЛУЧОК** за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба; . . . . . . . . . . . . . .2

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2023 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .4

**ОДЛУКА** за одобрување на финансиски средства за поддршка на проектни активности на Црвен крст на Република Македонија - општинска организација Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .6

**ОДЛУКА** за примање на донација од "Аутомакедонија" АД Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .8

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за именување на претставник од министерство за труд и социјална политика, во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје .10

**ОДЛУКА** за формирање на координативно тело за следење на имплементација на Локален Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2026 година . . . . . . . . . . . . . .12

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2023 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .14

**ОДЛУКА** за поднесување на барање за обезбедување на финансиска поддршка за изработка на техничка документација, за реализација на приоритетен инфраструктурен проект - фекална мрежа во населено место Виниче . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .47

**ПРОГРАМА** за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2023 - 2025 година . . . . . . . . . . . . . . . .49

**АКЦИОНЕН ПЛАН** за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2023 година; . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .143

**ПРАВИЛНИК** за финансиска поддршка за организација на манифестацијата за храна, угостителство, туризам и култура "Вкусовите на Гази Баба" . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .186

**ПРАВИЛНИК** за финансиска поддршка за адаптација на автентични куќи со мали капацитети на сместување и угостителски услуги во селски домаќинства на семејна фарма . . . . . . . . . . . . . . .192

**ОДЛУКА** за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-903 за КП 1293 КО Гази Баба; . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .197

**ПРОГРАМА** за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2023 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .199

**ЗАКЛУЧОК** за прифаќање на иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба за отпочнување на постапка за изменување на Статутот на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .207

**ОДЛУКА** за овластување на службеник за превземање на дејствија за спроведување на пропис на Советот на Општина Гази Баба. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .209

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 08/23**
**26 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци